| | Предмети во работа-нерешени | | | **3735** | | |
| | Позитивно решени | 8805 | 9728 | 6815 | | |
| | Исплатени средства | 73,035,930.00 | 61,773,707.00 | 51,488,267.00 | | |

**Родителски додаток**

Кај правото на родителски додаток за третто дете во текот на 2023 година,се забележува тренд на незначително намалување на бројот на корисници, во однос на 2021година, бидејќи од 30.40.2020 година правото на родителски додаток како и останатите со новиот Закон за социјална заштита има одредени промени за условите и начинот за остварување.Ова право можат до го користат само корисници кои што имаат приход под минималната плата, остварена во Р.Северна Македонија. Од 2020 година, правото на корисниците кои го остварувале ова право во период од 10 години им престанува користењето .
Правото не може да се оствари , односно ќе го изгуби веќе оствареното право , доколку не се вршат редовни вакцинации на детето согласно со закон и доколку детето не биде запишано и редовно не ја следи наставата во основно училиште согласно со закон. Кај ова право во однос на 2022 година имаме мало намалување за 11,6%.

| | | **Релизирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 10515 | 9403 | 8381 | 8381 | 0 |
| | Новопримени | 143 | 111 | 105 | 127 | -22 |
| | Укинати | 1165 | 1133 | 1047 | | |
| | Одбиени | 8 | | 5 | | |
| | Предмети во работа- | **82** | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | нерешени | | | | | |
| | Позитивно решени | 9403 | 8381 | 7434 | | |
| | Исплатени средства | 776,534,850.00 | 704,971,606.00 | 725,242,943.00 | | |

*Табела за вкупен број на корисници за Родителски додаток за третто дете за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година*

| 01.01.2023 до31.12.2023 | Гази Баба | Карпош | Кисела Вода | Центар-Аеродром | Чаир | Шуто Оризари | Бутел | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 76 | 95 | 95 | 12 | 91 | 34 | 27 | 354 |
| Февруари | 783 | 958 | 927 | 296 | 904 | 407 | 313 | 4632 |
| Март | 1132 | 1071 | 1270 | 443 | 1252 | 820 | 453 | 6441 |
| Април | 1320 | 1132 | 1447 | 527 | 1506 | 859 | 531 | 7322 |
| Мај | 1441 | 1411 | 1449 | 521 | 1512 | 855 | 522 | 7711 |
| Јуни | 1449 | 1558 | 1462 | 519 | 1513 | 850 | 522 | 7873 |
| Јули | 1446 | 1555 | 1458 | 516 | 1494 | 849 | 510 | 7828 |
| Август | 1443 | 1537 | 1445 | 516 | 1845 | 824 | 505 | 8115 |
| Септември | 1423 | 1516 | 1438 | 507 | 1469 | 829 | 501 | 7683 |
| Октомври | 1404 | 1497 | 1424 | 499 | 1450 | 818 | 500 | 7592 |
| Ноември | 1387 | 1481 | 1406 | 496 | 1431 | 814 | 496 | 7511 |
| Декември | 1376 | 1476 | 1387 | 487 | 1413 | 798 | 497 | 7434 |

<u>**Паричен надоместок на мајка која родила четврто дете**</u>

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 268 | 269 | 268 | 268 | 0 |
| | Новопримени | | | | | |
| | Укинати | 1 | 1 | 3 | | |
| | Одбиени | | | | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | | | | |
| | Позитивно решени | 269 | 268 | 265 | | |
| | Исплатени средства | 30,057,240.00 | 67,378,857.00 | 37,671,702.00 | | |

***Табела за вкупен број на корисници за Родителски додаток за четвртто дете за за периодот од 01.01.2023до 31.12.2023 година***

| 01.01.2023 до31.12.2023 | Гази Баба | Карпош | Кисела Вода | Центар-Аеродром | Чаир | Шуто Оризари | Бутел | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Декември | 75 | 38 | 33 | 10 | 46 | 30 | 33 | 265 |

**Право на здравствена заштита**

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| | | 961 | 907 | 868 | 868 | 0 |
| Предмети | Пренесени | 44 | 43 | 32 | 44 | -12 |
| | Новопримени | | 82 | | | |
| | Укинати | | | | | |
| | Одбиени | | | | | |
| | Предмети во работа-нерешени | **10** | **10** | | | |
| | Позитивно решени | 907 | 858 | 871 | | |
| | Исплатени средства | 22,579,908.00 | 22,141,188.00 | 25,085,198.00 | | |

***Табела за вкупен број на корисници за Здравствена заштита за периодот од 01.01.2023до 31.12.2023 година***

| 01.01.2023 до31.12.2023 | Гази Баба | Карпош | Кисела Вода | Центар-Аеродром | Чаир | Шуто Оризари | Бутел | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 81 | 109 | 78 | 255 | 154 | 136 | 73 | 886 |
| Февруари | 81 | 102 | 76 | 255 | 154 | 140 | 66 | 619 |
| Март | 81 | 102 | 76 | 153 | 152 | 136 | 63 | 763 |
| Април | 81 | 103 | 77 | 258 | 151 | 137 | 63 | 870 |
| Мај | 81 | 102 | 77 | 261 | 149 | 133 | 65 | 868 |
| Јуни | 81 | 102 | 77 | 261 | 150 | 134 | 65 | 870 |
| Јули | 80 | 102 | 78 | 257 | 147 | 136 | 65 | 765 |
| Август | 81 | 102 | 78 | 257 | 146 | 138 | 66 | 868 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Септември | 80 | 103 | 78 | 258 | 147 | 139 | 66 | 871 |
| Октмоври | 80 | 104 | 78 | 254 | 145 | 138 | 65 | 864 |
| Ноември | 80 | 105 | 78 | 254 | 147 | 137 | 65 | 866 |
| Декември | 80 | 107 | 78 | 255 | 148 | 136 | 67 | 871 |

**Цивилна инвалиднина**

| | | **Релизирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 42 | 35 | 31 | 31 | 0 |
| | Новопримени | | | | | |
| | Укинати | 7 | 4 | 3 | | |
| | Одбиени | | | | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | | | | |
| | Позитивно решени | 35 | 31 | 28 | | |
| | Исплатени средства | 15,226,666.00 | 13,430,438.00 | 14,400,557.00 | | |

***Табела за вкупен број на корисници за Цивилна инвалиднина за периодот од 01.01.2023до 31.12.2023 година***

| 01.01.2023 до31.12.2023 | Гази Баба | Карпош | Кисела Вода | Центар-Аеродром | Бутел/Чаир | Шуто Оризари | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Декември | 6 | 7 | 2 | 9 | 2 | 0 | 28 |

Од погорeприкажаното во табелата во однос на остварување на правото на цивилна инвалиднина, од страна на корисниците кои во континуитет го користат правото, во текот на 2023 година, се забележува тренд на незначително опаѓање, а основна причина е смртност на корисниците.Се очекува ова право во текот на наредните години постепено да се укине.Во однос на минатата година имаме намалување за 10%..

**Парична помош за студирање**

Овој вид на право го користат лицата кои имале статус на дете без родители и родителска грижа до 18 год. кои првпат се запишале на студиска година, од прв или втор циклус на години како редовен или вонреден студент на јавните високообразовни установи, во зависност од тоа дали користат или не користат социјален стан. Намалувањето се должеше што во текот на оваа година одреден број на корисници го прекинале студирањето од разни причини, а се забележува и намалување на бројот на нови студенти.

Центарот прави план за интеграција на лицето во социјалната средина кој се однесува на обезбедување на домување,вработување,редовно образование и други потреби,врз основа на кој се исплаќаат средствата.

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| | | 54 | 47 | 52 | 52 | 0 |
| Предмети | Пренесени | 54 | 47 | 52 | | |
| | Новопримени | 5 | 5 | 4 | | |
| | Укинати | 7 | | 2 | | |
| | Одбиени | 4 | | 8 | | |
| | Предмети во работа-нерешени | **1** | **19** | **18** | | |
| | Позитивно решени | 47 | 33 | 28 | | |
| | Исплатени средства | 11,432,381.00 | 12,786,476.00 | 10,974,430.00 | | |

***Табела за вкупен број на корисници за Парична помош за студирање за периодот од 01.01.2023до 31.12.2023година***

| 01.01.2023 до31.12.2023 | Гази Баба | Карпош | Кисела Вода | Центар-Аеродром | Чаир | Шуто Оризари | Бутел | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Декември | 5 | 2 | 6 | 14 | 0 | 0 | 1 | 28 |

**<u>Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување</u>**

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| | | 122 | 133 | 139 | 139 | 0 |
| Предмети | Пренесени | 122 | 133 | 139 | | |
| | Новопримени | 11 | 6 | 19 | | |
| | Укинати | | | | | |
| | Одбиени | | | | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | | | | |
| | Позитивно решени | 133 | 139 | 158 | | |
| | Исплатени средства | 25,773,721.00 | 33,290,723.00 | 45,515,655.00 | | |

Правото на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување во текот на 2023 година има незначително зголемување за 13,67%.

## 6 Услуги

Стручната работа од областа на социјалната заштита во континуитет се спроведува во рамките на стручните Служби при ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа на град Скопје, преку примена на мерки и активности на социјална превенција заради спречување на настанување на социјални ризици преку рано откривање и третман на граѓаните кои се нашле во положба од социјален ризик. Услугите на стручна помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми. Истата и во текот на 2023 година, продолжи да се реализира и применува во рамки на Центарот за социјална работа како надлежен орган за старателство и беше насочена кон разрешување на проблеми и остварување на услуги од областа на социјалната заштита согласно пропишаните закони, прописи и подзаконски акти на полнолетните лица но и кон заштита на интересите на малолетните деца.

Во македонското законодавство Центарот претставува еден од ретките органи кои имаат значајна и голема надлежност, не само во поглед на семејните односи туку и во други значајни сфери од општествениот и приватниот живот. Центарот е орган на старателство кој има бројни ингеренции и овластувања кои се остваруваат во сферата на старателското право. Во рамките на брачното право тој дава мислење во постапката за издавање дозвола за склучување на брак и учествува во постапката за мирење на брачните партнери кои имаат заеднички деца.Во постапката за развод на брак дава мислење до Судот за тоа на кого треба да се доверени децата на чување и воспитување.Во областа на родителското право пред Центарот се врши признавање на вонбрачно партнерство.Центарот се јавува како странка во матернитетските и патернитетските спорови, врши надзор над родителското право и поднесува предлог за одземање и враќање на родителското право.Во сферата на посвојување ,дава мислење за засновување на посвојувањето.

Центарот има ингеренции и овластувања и во проблематиката поврзана со спречување и превенција од семејно насилство.

Да не говориме за надлежностите од сферата на социјалното право и социјалната политика.

**Услуги на информирање и упатување**

| Реализирано | | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Услуга на информирање | 8555 | 9653 | 12350 | 9763 | +2587 |
| Услуга на упатување до друга институција | 2100 | 2560 | 3125 | 2890 | +235 |
| Вкупно | 10655 | 12213 | 15475 | 12653 | +2822 |

Ова е бројка на корисници кои се евидентирани во Ценатрот , меѓутоа факт е дека бројката е многу поголема , земајќи ја во предвид проблематиката со која работиме а и обемот на работата.

**Услуги на стручна помош и поддршка**

Услугите на стручна помош и поддршка на поединец и семејство опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршувањето на интервенции, со цел зајакнување на корисниците,промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата, независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми. Корисници на овие услуги се фактички сите корисници на услугите на Центарот за социјална работа на град Скопје.

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Услуги на стручна помош и поддршка | 18112 | 21235 | 28350 | 22455 | +5895 |
| Вкупно | 18112 | 21235 | 28350 | 22455 | +5895 |

**Услуги на советување**

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа односно советувалишна работа со цел превенирање ,ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство и тоа за:подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејството, брачно/партнерско советување за партнери со нарушено односи, советување при развод на брак, семејна медијација за насилство, психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и други специјализирани видови на советувања.

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со | 10 | 123 | 214 | 156 | +58 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| нарушени односи | | | | | |
| Советување при развод на брак | 75 | 154 | 292 | 165 | +127 |
| Семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи | 212 | 253 | 262 | 282 | -20 |
| Психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство | 45 | 488 | 490 | 495 | -5 |
| Психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и | 16 | 263 | 275 | 273 | +2 |
| Други специјализирани видови на советувања | 301 | 274 | 310 | 289 | +21 |
| Вкупно | 447 | 1555 | 1843 | 1660 | +183 |

Услуги во домот

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Помош и нега во домот | 94 | 98 | 161 | 121 | +40 |
| Лична асистенција | 73 | 105 | 169 | 125 | +44 |
| Вкупно | 167 | 203 | 330 | 246 | +84 |

Со услугата помош и нега во домот ,се обезбедува помош во вршење на основни инструментални активности во секојдневниот живот до 80 часа месечно , за лица со намален функционалитет капацитет кои не можат да се грижат самите за себе.Оваа е една од најбараните услуги. Услугата за помош и него во домот е целосно бесплатна за корисниците. Обучени негователи обезбедуваат нега и грижа за старите лица со навршени 65 години кои не можат да се грижат за себе и други лица со намален функционален капацитет кои не можат да се грижат за себе.Корисници на услугата се лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот.

*Табеларен приказ за користењето на услугата за помош и нега во домот за 2023 ГОДИНА*

| ЦСР СКОПЈЕ | Општина | Давател на услугата и број на непосредни даватели | Структура на корисници (број,пол,возраст на корисници) | Вид и обем на услуга |
|---|---|---|---|---|
| 01.01.2023 до 31.12.2023 | Бутел<br>Чаир<br>Карпош<br>Шуто Оризари<br>Кисела Вода | **Давател на услугата:**<br>**АДРА Скопје**<br>**Црвен Крст на град Скопје**<br><br>**Број на негуватели :72** | **Вкупен број: 161**<br><br>**Пол:**<br>Машки: 57<br>Женски:104<br><br>**Возраст:**<br>65-75год. -57<br>76-85год. -76<br>Над 85год. - 28 | **Основни активности**<br>**Број на часови:**<br>-40часа 76 корисници<br>-30часа16 корисници<br>-20часа 57 корисници<br>-10часа0 корисници<br>-5часа12 корисници<br>**Инструментални активности**<br>**Број на часови :**<br>-40часа 65 корисници<br>-30часа16 корисници<br>-20часа46 корисници<br>-5часа7 корисници |

## Услуги во заедницата

Услуги во заедницата опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција на корисници, одмена на семејна грижа заради превенција ,згрижување и заштита а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Куќа на пола пат обезбедува помош, подршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои претходно биле под вон-семејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом,заради нивна реинтеграција во општеството. Услугата се обезебедува во текот на сместувањето или веднаш по престанок на сместувањето.

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Услуги на дневен престој | 89 | 78 | 92 | 82 | +10 |
| Услугата за рехабилитација и реинтеграција | | | | | |
| Услугата за ресоцијализација | | | | | |
| Услуги на привремен престој | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одмена на семејна грижа | | | | | |
| Куќа на пола пат | | | | | |
| Вкупно | 89 | 78 | 92 | 82 | +10 |

**Услуги на вон-семејна заштита**

Со услугата на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа сместување,помош и подршка од стручни лица ,згрижување,исхрана,облека,здравствена заштитаи други услуги во зависност од видот на корисниците кои немаат услуви за живеење во своето семејство или од дрги причини им е потребна вон-семејна заштита.

Нормативната рамка препознава три вида на услуги на вон-семејна заштита:

-Живеење со поддрша

-Згрижување во друго семејство

-Сместување во установа.

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Живеење со поддршка | 14 | 19 | 47 | | |
| Згрижување во друго семејство | 145 | 173 | 150 | | |
| Сместување во установа | 142 | 194 | 70 | | |
| Вкупно | 228 | 386 | 265 | | |

## 7 УСТАНОВИ ЗА ВОН-СЕМЕЈНА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Формите на вонинституционалната заштита кои се остваруваат во или преку Центарот за социјална работа го опфаќаат:

- дневното и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство,

- сместување во мал групен дом

-право на организирано живеење со поддршка за лица со ментална или телесна попреченост.

-прва социјална услуга на корисници на социјална заштита,
-помош на поединецот,
-помош на семејство,
-домашна нега и помош на поединец и на семејството,
-дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство,
-организирано живеење со поддршка.

Други активности кои се применуваа преку оваа форма на заштита е континуирана соработка со институции за социјална заштита и реализирање на посета на установите како и следење на развојот на децата сместени во Заводите и Установите за рехабилитација, образование, професионална рехабилитација и ориентација.

Процесот на деинституционализација на лицата со попреченост се реализира ,пред се преку воспоставување на нов облик на вон-семејна заштита преку организирано живеење со поддршка,односно воспоставување на групни домови и преку развој на мрежата за згрижувачки семејства.

**Резиденцијален дом**

| | Реализирано | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на корисници | | | | |

**Дом за помош и нега**

| | Реализирано | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на корисници | | 161 | | |

**Воспитна установа**

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на корисници | 25 | 27 | 26 | | |

**Установа за третман и рехабилитација**

Услугата за рехабилитација и реинтеграција на лица кои се соочуваат со социјални или здравствени проблеми се обезбедува преку психо-социјална поддрша,терапевтска работа, работно окупациона терапија, подршка за стекнување на работни вештини и.т.н.

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на корисници | 67 | 69 | 38 | | |

**Групен дом**

| Групен дом | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Берово | | | | | |
| Штип | | | | | |
| Кавадарци | | | 1 | | |
| ОЕ на СОС Детско село | 14 | 17 | 15 | | |
| ОЕ Водно | | 1 | 1 | | |

Живеење со подршка се обезбедува во посебна станбена единица со помош од стручни лица и други лица во остварување на основните и инструментални активности во секојдневниот живот.Помошта и подршката може да биде повремена,дневна или 24 часовна поддршка,во зависност од потребите на корисникот.

**Установа за прифат на баратели на азил**

| | Реализирано | | | план | разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на корисници | 63 | 144 | 472 | 152 | |

# 8 ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

## Дневен центар за лица со попреченост

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Вкупен број на категоризирани лица на територијата што ја покрива ЦСР на возраст од 0-26 (потенцијални корисници) | 380 | 428 | 417 | 435 | -18 |
| Број на упатени во дневен центар | 89 | 78 | 92 | 82 | +10 |
| Просечен број на присутни во дневен центар | 71 | 59 | 40 | 62 | -22 |

Од направената анализа од горeприкажаното во табелата може да се забележи дека нема разлика во движењето на овој вид на услуга во 2023 година во однос на претходната година. На овој тип на дневни центри основна функција е дневно згрижување и престој, нега, исхрана, психосоцијална рехабилитација и реедукација, како и советодавна работа со лицата.

Согласно податоците добиени од анализа на годишната евиденција на упатени и категоризирани деца со пречки во менталниот или телесниот развој може да се забележи дека и во 2023 година најфрекфентни групи во кои се распоредни децата се категоријата на комбинирани пречки во равојот и деца со хронични заболувања и сериозно нарушена здравствена состојба.Додека по однос на возраста на категоризирани деца се забележува варијација на застапеноста на одредена возраст по вид на попреченост.

## Оддел - Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост

Во текот на 2023 година сите спроведени активности во Оддел-Дневен центар за лица со даунов синдром беа во согласност со интерната програма за работа и согласно индивидуалните потреби, можности и способности на корисниците. Секако истите се и во согласност со дневен распоред на присуство на корисниците поради организиран превоз. Во дневниот центар во текот на 2023 година активностите се реализираа на начин за да се опфатат сите корисници на услугата со цел добивање на соодветна услуга земајќи предвид дека нашите корисници се на различна возраст. Понеделник, среда и петок имаме организиран превоз со кој се опфатени повозрасните корисници со кои најчесто имаме заеднички креативни работилници, додека вторник и четврток доаѓаат корисници на помала возраст со кои се работи индивидуален третман-рана интервенција.

Најчесто во деновите кога се опфатени повозрасните корисници во текот на целата година деновите се започнуваат со реализирање на активности како што се: утрински вежби (раздвижување и подобрување на менталните способности, подобрување на координацијата и моториката на корисниците) утврдување/развој на културно-хигиенски навики, самостојно послужување на појадокот, организирање на креативни работилници во текот на денот, посети на објекти, прошетки, вежби за ментална аритметика, играње друштвени игри и сл.

Корисниците кои ја користат услугата на индивидуален третман добиваат услуга со која имаме:

- подобрување и усовршување на знаењата од областа на вербализацијата на корисниците,
- подобрување на психо-моторичките вештини на корисниците,
- подобрување на практогностичката организираност,
- воспоставување на визио-моторна контрола
- подобрување на вниманието и концентрацијата
- стекнување на знаења во врска со годишни времиња, бои и форми, топографија на тело и сл.
- утврдување и подобрување на читање, пишување и раскажување (кај одредени корисници)

Беа реализирани и активности насочени кон прослава на празниците во тековните месеци со цел основно запознавање на корисниците со истите и начинот на нивното прославување (Нова година, Бадник, Божиќ), запознавање со значењето на празникот 8 ми Март како и изработка на честитки по повод празникот, работилници за изработки со кои го украсуваме просторот на дневниот центар во зависност од годишното време и сл.
Се организираа и низа работилници со корисниците било тие да се поврзани со празници кои се ближат или работилници кои се реализираа со цел социјализација на корисниците, дружење и секако почитување на ред и дисциплина во група, изразување во група, обврски кон групата и сл.
Бројот на корисници на услугата дневно згрижување во дневен центар за лица со даунов синдром е 11, додека типот на попреченост, пол и возраст на корисниците го прикажуваме во следната табела:

| Корисник | Тип на попреченост | пол | возраст |
|---|---|---|---|
| Корисник 1 | Даунов синдром,потполно отсуство на говор | машки | 3 |
| Корисник 2 | Даунов синдром | машки | 3 |
| Корисник 3 | Лице со комбинирани пречки во развојот, умерена попреченост во психичкиот развој, даунов синдром | машки | 20 |
| Корисник 4 | Лице со лесна попреченост во психичкиот развој, даунов синдром | женско | 20 |
| Корисник 5 | Лице со лесна попреченост во психичкиот развој, даунов синдром | женско | 28 |
| Корисник 6 | Лице со умерена попреченост во психичкиот развој, даунов синдром | женско | 23 |
| Корисник 7 | Лице со комбинирани пречки во развојот, лесна попреченост во психичкиот развој, даунов синдром | машки | 27 |
| Корисник 8 | Лице со лесна попреченост во психичкиот развој, даунов синдром | машки | 26 |
| Корисник 9 | Лице со даунов синдром | машки | 7 |
| Корисник 10 | Лице со даунов синдром | машки | 4 |
| Корисник 11 | Лице со комбинирани пречки во развојот, лесна попреченост во психичкиот развој, даунов синдром | машки | 8 |

Во текот на оваа година со корисниците беа реализирани и повеќе прошетки и посети на културно-уметнички места и тоа:

- Во текот на месец мај беше реализирана соработка со Меѓународен балкански универзитет со кој направивме работилница на тема" замислен дом на секое дете". Секој корисник си го претстави својот замислен дом на лист хартија, а студентите од универзитетот креираа 3д форма од тие изработки,
- Посета на Меѓународниот балкански универзитет каде беше спроведена изложба на сите дела,
- Истотака во месец Мај беше реализирана средба со Министерката за труд и социјална политика, на која Министерката беше спремна да одговори на сите прашања на корисниците, беше разговарано за плановите на корисниците за во иднина, нивните желби,
- Во организација на Директорот на Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во месец Октомври беше реализирана еднодневна екскурзија со корисниците во Патишка река,
- На истата екскурзија заедно со корисниците организиравме работилница со тема "Есен",
- Прошетка во Градски парк,
- прошетка на Скопското кале,
- Организирана забава во просториите на дневниот центар по повод Нова година заедно со Директорот на Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, корисниците од дневен центар-деца на улица, корисниците од дневен центар за лица со аутизам и корисниците од дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост,
- Во организација на Министерство за труд и социјална политика беше реализирана посета на театар за деца и младинци каде корисниците следеа претстава по повод Новогодишните празници и беа поделени пакетчиња од страна на Министерката за труд и социјална политика,

**<u>Дневен центар за лица со церебрална парализа</u>**

Во текот на периодот од 01.01.2023 до 30.12.2023 година Дневниот центар за лица со церебрална парализа го посетиле вкупно 33 деца, од кои за еден корисник има направено прекин во февруари, додека во декември дојден е нов корисник на опсервација. Од вкупно 32 корисника на дневниот центар еден дел (10 корисника) користат организиран превоз од страна на центарот, 11 корисници користат бесплатна годишна слободна карта која важи и за придружникот, 7 го користат бесплатното специјално возило од ЈСП, додека останатите корисници ги носат родителите на сопствен трошок.

14 корисника добиваат услуги на ниво на групна работа и поддршка, додека останатите 18 корисника добиваат индивидуална поддршка и третман.

13 корисници од вкупниот број кои ги користат услугите на дневниот центар се вклучени во воспитниот и образовниот процес во јавните детски градинки, посебни основни, редовни основни и средни училишта во градот Скопје и еден е на факултет.

**Работни активности на тимот во дневен центар за лица со церебрална парализа во текот на изминатите 12 месеци:**

Врз основа на процената која е спроведена од страна на стручниот тим вработен во дневниот центар за индивидуалните психо-физички и говорни способности на децата корисници на услугите кои се нудат во истиот, направен е индивидуален план за работа со секое дете одделно врз основа на кој се реализираат насочени и слободни активности.
Активностите кои се реализираат со секој корисник поединечно насочени се кон постигнување на краткорочни и долгорочни цели во насока на нивно поуспешно осамостојување, интеграција и инклузија во социјалната средина.
Извршена е ревизија на процените и индивидуалните планови направени од претходните шест месеци за секое дете поединечно со цел следење на нивниот индивидуален развој и постигнувања кои се настанати под влијание на рехабилитационите активности.
Форми на работа кои се применуваат се: индивидуална работа со корисник, работа во парови и групна работа со корисниците.
Со корисниците се работеше на развој на моториката, развој на визио-моторната контрола, развој и корекција на говорот, развој на гностичките функции, осамостојување при исхрана, одржување лична хигиена, тоалет тренинг, интерна социјализација и поттикнување на алтруизам, обука за користење ортопески помагала во зависност од индивидуалните потреби на децата итн.
Од методите на работа се применуваше класичниот дефектолошки, психолошки, логопедски метод и кинезитерапија, како и специфичните методи за развој на спонтаните слободни движења според Еми Пиклер, се применуваше Монтесори пристапот како метод за развој на самостојно учење преку слободна активност во однапред подготвена средина во која се почитуваат сензитивните фази од развојот на децата како и TEACH методот за развој на комуникација и говор со употреба на слики и симболи кои го заменуваат зборот
Децата врз основа на индивидуалните потреби, во зависност од состојбата на коскено-мускулниот систем, сочуваните спонтани движења и можностите за самостојно движење со и без ортопедски помагала посетуваа кинезитерапија.
Дел од децата кои имаа потреба и за кои е предвиден MOVE програмот, беа поддржани и со нив се спроведуваше овој програм врз основа на однапред извршена процена која е специфична за спроведување на MOVE програмата.
Во насока на поддршка на родителите на децата со церебрална парализа корисници на услугите на дневниот центар се организираа индивидуални стручни средби и разговори меѓу нив и тимот вработен во центарот со цел размена на искуства за предизвиците кои ги поставува попреченоста на нивните деца во рамки на домот и пошироката општествена заедница, како и проследување на информации во насока на остварување на правата од областа на социјалната заштита, образованието и здравствената заштита.
Во рамки на испланираните активности насочени кон социјализација и соработка со заедницата се организираа активности во соработка со волонтерите на Црвениот крст на град Скопје како и со некои НВО-а.
Со цел унапредување на работата на дневниот центар и јакнење на материјалните капацитети на истиот се реализираа активности за обезбедување на материјали за работа со корисниците. Вработените во дневниот центар превземаа низа активности за адаптација и изработка на материјали за работа со корисници (флеш карти, материјали за класификација, координација

на движења и други нагледни средства потребни за специфична работа со поедини корисници).
Во насока на поддршка и професионален развој и стручно усовршување на вработените во дневниот центар во соработка со ЈУ „Завод за социјални дејности" и МТСП вработените во дневниот центар беа вклучени во неколку континуирани обуки и работилници.

**Краток опис:**

1. Број на предвиден кадар според систематизација: 8 (3 дефектолози, 1 психолог, 1 логопед, 2 физиотерапевти, 1 медицинска сестра).
2. Број на вработени: 6 (2 дефектолози, 1 психолог, 1 логопед, 1 физиотерапевт, 1 медицинска сестра).
3. Работно време: 08:00 – 16:00 часот.
4. Местоположба: Капиштец, објект со површина од 300 м2, во рамки на ООУ „Киро Глигоров".
5. Превоз: Специјално адаптирано комбе со капацитет за 5 деца (3 на седиште, 2 во количка).
6. Исхрана: 1 оброк дневно (појадок).
7. Простор: 2 занимални, 1 просторија за индивидуална поддршка, 1 детска кујна, 1 кинези сала, 1 просторија за работа на дефектолог, 1 просторија за работа на логопед, 1 просторија за работа на психолог, 2 адаптирани тоалета за корисниците, 1 тоалет за вработени, 1 ходник со проширен дел за престој на родителите и 1 остава.
8. Опрема: Дневниот центар располага со опрема која задоволува минимум потреби за работа со корисниците (специјални инвалидски колички, одалки, вертикализатори, Нугабест–кревет за масажа).
9. Работа со родители: Стручните лица секојдневно имаат директен контакт со родителите на корисниците при што родителите редовно се информираат за спроведените активности со нивните деца, моменталната состојба и текот на спроведување на индивидуалните планови и следните чекори. Родителите организирано се вклучуваат во дел од активностите на дневниот центар при што добиваат индивидуална поддршка за продолжување на работата со децата во рамки на домот. Исто така родителите се активни учесници во спроведување на низа активности кои се реализираат со корисниците надвор од дневниот центар.
10. Работа со корисниците: Се работи според индивидуалните можности и потреби на секој корисник поединечно. Како форми на работа со корисниците се употребуваат: индивидуалната работа, групната работа и работа во парови.
11. Потреби: Моменталните потреби за реализација на рехабилитационите активности со корисниците пред се се однесуваат на специјална техничко-материјана поддршка која се однесува на обезбедување на специфични маси и столчиња со кое би се обезбедило соодветно позиционирање на поедини корисници со што би се обезбедил основниот услов за самостојна работа. Потребно е обезбедување на специфичен дидактички материјал за работа со корисници. Потребно е приклучување кон интернет мрежа поради непречена комуникација со службите при ЈУ „МЦСР на град Скопје", МТСП, ЈУ „Завод за социјални дејности" – Скопје како употреба на интернет мрежата поради

користење на онлајн едукативни игри за корисниците и непречено спроведување на програмата за пристапна информатичка технологија со корисниците.

12. Потреби по однос на кадар и технички персонал: Дневниот центар има потреба од вработување на уште еден дефектолог и еден физиотерапевт.

**Преглед на реализирани активности со корисниците, владиниот и невладиниот сектор, бизнис заедницата и родителите по однос на периодот на реализација.**

10.02.2023 г. на покана на Здружението „Златни ангели" со корисниците и учениците од СЕПУГС „Арсени Јовков" беше реализирана креативна работилница која се оддржи во клубот за возрасни во К. Вода.

24.02.2023 г. со корисниците и нивните родители го посетивме Фестивалот на чоколадата кој се оддржи во трговскиот центар East Gate Mall.

08.03.2023 г. на покана на Здружението на родители на деца заболени од церебрална со корисниците и нивните родители ја посетивме Зоолошката градина, а потоа и кабинетот на градоначалничката на град Скопје г-ѓа Данела Арсовска.

16.03.2023 г. на покана на Здружението на родители на деца заболени од церебрална со корисниците и нивните родители беше реализирана креативна работилница во клубот за возрасни во К. Вода.

24.03.2023 г. во соработка со Здружението на родители на деца заболени од церебрална со корисниците и нивните родители во клубот за возрасни го одбележивме 25 март – денот за подигање на свеста за лицата со церебрална парализа.

31.03.2023 г. на покана од Здружението „Златни ангели" и Градоначалникот на град Скопје г-ѓа Данела Арсовска ја посетивме Зоолошката градина со корисниците и нивните родители.

10-11.04.2023 г. студенти од факултетот за дефектологија го посетија дневниот центар и се запознаа со начинот на функционирање на центарот и работата на тимот во истиот.

13.04.2023 г. во соработка со Црвениот крст на град Скопје во Рамстор мол се одржа настанот Велигденско дрво на желбите на кој им беа доделени подароци на корисниците на Дневниот центар.

27-28.04.2023 г. Претставници од дневниот центар учествуваа на обуката за Рана детска интервенција која се реализира во Центарот за конференции и студии при Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје.

03-04.05.2023 г. Претставници од дневниот центар учествуваа на обуката за Рана детска интервенција која се реализира во Центарот за конференции и студии при Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје.

03.05.2022 г. На покана од директорката претставници од дневниот центар со дел од корисниците присуствуваа на патронатот на ООУ „Киро Глигоров“.

09.05 и 12.05.2023 г. Претставници од дневниот центар учествуваа на пактичниот дел од обуката за Рана детска интервенција која се реализира во Развојното советувалиште и во Центарот за конференции и студии при Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

05.06 и 06.06.2023 г. Претставник од дневниот центар учествуваше на пактичниот дел од обуката за Рана детска интервенција која се реализира во Развојното советувалиште и во Центарот за конференции и студии при Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

06.06.2023 г. со корисниците од дневниот центар и нивните родители беше реализирана еднодневна посета на Националниот парк „Маврово“ и неговата околина.
07.07.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“со корисниците од дневниот центар и нивните родители ја посетивме бурегџилницата „Ваташа“ каде што се запознавме со начинот на производство на пекарски и кондиторски производи.

11.08.2023 г. со корисниците од дневниот центар и нивните родители реализиравме еднодневен излет на Водно.

16.08.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“ беше реализирана креативна работилница на која учествуваа корисниците на дневниот центар и учениците од СЕПУГС „Арсени Јовков“.
Работилницата се оддржи во клубот за возрасни во К. Вода, а на која присуствуваа директорот на ЈУ МЦСР на град Скопје г-дин Изеир Мемеди и градоначалничката на град Скопје г-ѓа Данела Арсовска.

22.08.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“ беше реализирана креативна работилница која се оддржи во клубот за возрасни во К. Вода, а на која корисниците имаа можност да се запознаат со техниката на ткаење и да учествуваат во истата.

29.08.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“ во клубот за возрасни во К. Вода со корисниците имавме креативна работилница и роденденска забава.

11.09.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“ во клубот за возрасни во К. Вода со корисниците и нивните родители имавме работилница и роденденска забава за еден наш корисник.

12.09.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“ во клубот за возрасни во К. Вода со корисниците и нивните родители имавме работилница и роденденска забава за еден наш корисник.

20.09.2023 г. на покана од Здружението на роделите на деца заболени од церебрална парализа со корисниците и нивните родители ја посетивме Зоолошката градина на град Скопје.

22.09.2023 г. со корисниците и нивните родители реализиравме еднодневен излет во КУЦ „Пеленица“ во нас. Драчево.

29.09.2023 г. со корисниците на дневниот центар и нивните родители ја посетивме манифестацијата „Денови на македонскиот мед“ која е организирана од страна на пчеларското здружение „Матица“ – Скопје во соработка со општина Центар.

06.10.2023 г. по повод одбележувањето на 6 Октомври – светскиот ден на лицата со церебрална парализа во дневниот центар беше организирана работилница за нашите корисници и учениците со церебрална парализа од Ресурсниот центар „д-р Златан Сремац“.

27.10.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“ беше организирана работилница на која корисниците декорираа колачи и други слатки.

14.11.2023 г. во соработка со Здружението „Златни ангели“ го посетивме АСУЦ „Боро Петрушевски“ каде што корисниците се запознаа со правилата за учество во сообраќајот, ги видоа симулаторите за возење и се дружеа со учениците од училиштето.

01.12.2023 г. По повод 3-ти Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост, со корисниците и нивните родители присуствувавме на настанот „Јас и мојот другар со попреченост“ организиран од страна на неколку НВО-а и општина К. Вода.

12.12.2023 г. со корисниците на дневниот центар за лица со церебрална парализа ја посетивме Меѓународната изложба за деца и младинци „Творење и креирање на дела од отпад од пакување – 2023 год.“ која се одржи во Кинотека на Македонија и на која на нашите корисници им беа доделени дипломи за учество.

13.12.2023 г. на покана на Здружението „Затни ангели“ со корисниците на дневниот центар за лица со церебрална парализа го посетивме клубот за возрасни во К. Вода каде што китевме елка и им беа поделени новогодишни пакетчиња на корисниците.

20.12.2023 г. на покана на Здружението „Затни ангели“ со корисниците на дневниот центар за лица со церебрална парализа го посетивме клубот за возрасни во К. Вода каде што имавме новогодишна работилница и им беа поделени новогодишни пакетчиња на корисниците.

25.12.2023 г. на покана од Танцовото студио „Еурека“ со корисниците од дневниот центар присуствувавме на изведбата на инклузивната танцова претстава „Спомени“ која се оддржи во МОБ.

26.12.2023 г. на покана на Здружението на родители на деца заболени од церебрална парализа со корисниците и нивните родители присуствувавме на предновогодишна забава која се оддржи во клубот за возрасни во К. Вода и на која присуствуваше градоначалникот на

општина К. Вода г-динот Орце Ѓорѓиевски кој на корисниците им подели новогодишни подароци.

27.12.2023 г. беше организирана новогодишна забава за корисниците во дневниот центар, на која во посета на дневниот центар дојде градоначалникот на општина Центар г-дин Горан Герасимовски кој на корисниците им подели новогодишни пакетчиња.

28.12.2023 г. во посета на дневниот центар за лица со церебрална парализа дојдоа пратеничката г-ѓа Жаклина Пешевска и претставници од „Вешта жена“ кои на корисниците им поделија новогодишни пакетчиња.

29.12.2023 г. во посета на дневниот центар за лица со церебрална парализа дојде пратеничката г-ѓа Моника Зајкова која на корисниците им подели новогодишни пакетчиња.

**Дневен центар за деца со аутизам и**
**Дневен центар за лица со пречки во менталниот или телесен развој**

Во текот на 2023 година од страна на стручниот тим беа реализирани активности согласно планот и програмата на Дневните Центри. Реализираните активности генерално беа насочени кон унапредување на можностите, способностите и потенцијалите на корисниците, запазувајќи ги притоа тематските содржини планирани за тој период. Вниманието на стручниот тим особено беше насочено кон градење на нови вештини и подобрување на веке стекнати вештини и навики кај корисниците за полесно функционирање во секојдневниот живот.

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12 2023 година дневните центри го посетиле вкупно 7 деца, од нив 3 посетуваат специјално училиште, 1 е на предучилиишна возраст.

Во однос на календарската возраст децата се на возраст од 4 до 22 годишна возраст со вид и степен на попреченост аутистичен синдром.

| Пол/Возраст | 4 | 12 | 13 | 14 | 15 | 22 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Женски | | | 1 | | | |

Врз основа на процената на способностите кај децата корисници на дневните центри за деца со аутизам и лица со ментална или телесна попреченост извршена од страна на стручниот тим се реализираат активности со цел постигнување на целите предвидени во планот и програмата на дневните центри.

Во изминатиот периодот од страна на стручниот тим беа реализирани активности согласно планот и програмата на Дневните Центри. Во однос на стручната работа корисниците беа опфатени од стручен третман од страна на дефектолог и психолог. Реализираните активности генерално беа насочени кон унапредување на можностите, способностите и потенцијалите на корисниците, запазувајќи ги притоа тематските активности планирани за тој период. Стручниот тим беше насочено кон подобрување на контакт со очи, имитирање моторни движења, имитирање на дејствија, развој на говор, вербални барања, развој на емоции, подобрување на вештините за барање како и вештините за заедничко внимание,

следење инструкции и развој на културно хигиенските навики кај корисниците. Во однос на методите на работа користевме најчесто индивидуален пристап и секогаш понудената активност ја адаптиравме во однос на способностите на корисникот и целта која сакавме да ја постигниме.

Корисниците беа опфатени и со психомоторна реедукација која овозможи будење и развивање на нивните рани искуства. Вака организираниот третман овозможи развој на потенцијалите на корисниците во рамки на нивните можности и способности. Со помош на активности од АВА методата беа стимулирани рецептивниот и експресивниот говор на корисниците, подобрување на вниманието, вештините на барање, развој на моториката како и вештините на заедничко внимание.

Континуирано се работеше и на развој на комуникацијата и развој на алтернативни форми на комуникација кај корисниците во зависност од нивните индивидуални потреби, можности и способности. Се спроведуваа и активности за развој на когнитивните способности.

Во текот на месец Март по повод празникот на жената се организираше и реализираше работилница за изработка на честитки.

По повод денот на шегата 1 Април беше реализирана работилница на која се изработуваа првоаприлски маски.

Се организираа и активности по повод велигденските празници, работилници за изработка на велигденски украси..

Во месец Јуни беше организирана и реализирана работилница за изработка на мотиви за пристигнувањето на летото.

Во месец Септември во дневниот центар беше спроведена и работилница за изработка на есенски плодови.

Месец Декември имавме неколку работилници по повод изработка на новогодишни украси со кои го разубавевме дневниот центар, прослава по повод новогодишните празници и делење на новогодишни пакетчиња. Во текот на овој месец корисниците беа присутни и на театарска претстава која се одржа во Македонски народен театар.

Во насока на поддршка на професионалниот развој и стручно усовршување на вработените од дневниот центар истите посетуваа обуки организирани од ЈУ Завод за социјални дејности.

***Табеларен приказ за користењето на услугата персонална асистенција за лица со попреченост за 2023 ГОДИНА***

| Почеток на услугата за персонална асистенција | Број на персонални асистенти | Број и струкура на корисници (по возраст и попреченост) | Користени услуги во текот на месецот | Број на часови по корисник | Давател на услугата |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 118 | **Вкупен број: попреченост: 169**<br>**Машки-100**<br>**Женски-69**<br>**Попреченост**<br>Оштетен вид- 93<br>Потешка телесна-34<br>Најтешка телесна - 40<br>Комбинирани пречки - 2<br><br>**возраст:**<br>6-18 -24<br>18-35 - 38<br>36-45 - 24<br>46-55 - 49<br>56-65 – 30<br>65-42- 3<br>75-85 - 1 | Услуги во домот: 155<br>Услуги на работно место, образовна установа, центар за рехабилитација, центар за професионална рехабилитација и други места каде се реализираат активности поврзани со извршување работни задачи, образование и работно оспособување на корисникот: 104<br>Услуги во заедницата: 169<br>Други активности од интерес на лицето: / | **16/1корисник**<br>**60/1корисник**<br>**76/1корисник**<br>**80/166 корисници** | 1. Црвен Крст на град Скопје-115 корисници<br><br>2. Здружене за промоција на инклузивно општество Инклузива, Куманово 16 корисници<br><br>3. Здружение за европска инклузија ЕСИ Нелис Скопје-36 корисници<br><br>4.Здружение за поддршка и развој Хуманост Скопје – 2 корисници |

Од 2023 година е обезбедена и лична асистенција и на лицата со комбинирани пречки. Со ова се потикнува личниот и образовниот развој на децата и им се помага на родителите во секојдневната грижа за нив. Личната асистенција вклучува,помош и поддрша во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддрша на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во

заедницата и други активности од интерес на лицето. Личната асистенција опфаќа индивидуална поддршка и помош за деца од шест години и возрасни лица, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности.

**Дневен центар за улични деца - деца на улица**

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Вкупен број евидентирани деца на улица на подрачјето на ЦСР | 166 | 194 | 165 | 213 | -48 |
| Број на упатени во дневен центар | 25 | 24 | 13 | 28 | -15 |
| Просечен број на присутни во дневен центар | 18 | 11 | 11 | | |

Дневниот центар за улични деца е наменет за онаа категорија на деца кои имаат семејства но кои се заноставени во истите, кои се исклучени од образовниот систем, кои се подложни на економска експлоатација и сл. Децата за време на нивниот престој поминуваат едукативни, воспитни и психо-социјални содржини, развиваат хигиенски навики, истите се мотивираат за вклучување во редовниот образовен процес, се прави кохезија на фрупа преку заеднички методички игри. Се реализирани две посети во Зоолошката градина на град Скопје,посета на театарска претстава во градинкатаи една посета на Планетариум во просториите на МКЦ (организирана од страна на Министерството за труд и социјална политика).По националност децата се од Ромската популација.

**Дневен центар за зависници од дрога и психотропни супстанци**

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Вкупен број евидентирани зависници на подрачјето на ЦСР | 6 | 5 | 10 | 12 | -2 |
| Број на упатени во дневен центар | 12 | 6 | 10 | 23 | -13 |
| Просечен број на присутни во дневен центар | 6 | 5 | 9 | | |

**Центар за жртви на семејно насилство**

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Број на корисници | 50 | 51 | 69 | 55 | +14 |

Од горeприкажаното во табелата може да се забележи дека во 2023 година, има зголемување на бројот на упатени жртви на семејно насилство во Центар за жртви на семејно насилство. Во 2023 година, во Центарот за жртви на семејно насилство работено е со 69 жени. Воедно се продолжи со индивидуална, советувалишна и советодавна помош и поддршка на жртвите и нивните деца. Центарот за жртви на семејно насилство обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на возрасни и деца-жртви на семејно насилство, кое може да трае најмногу три месеца со можност за продолжување за уште три месеца, дава советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиена и културнозабавни активности.

Центарот за жртви на семејно насилство, стручните работници соработуваат и згрижуваат лица - жени и нивните малолетни деца 24/7 по пријава од Министерство за внатрешни работи. По барање од странките – жените за кои има индиции дека се жртви на семејно насилство , поради страв несигурност и ризик од повторување на насилството врз нив и нивните малолетни деца од страна на службени лица од Центарот за социјална работа на град Скопје се сместуваат и згрижуваат во безбедносниот објект. За време на престојот на корнисниците се обезбедува сместување , исхрана , лична и општа хигиена, здравствена заштита и првична психосоцијална подршка.

Во зависност од потребите и ризиците на корисничките се соработува со службите на СВР – Скопје ,местонадлежните Судови, Здравствени установи , работни организации, Агенција за вработување , ООУ на територијата кај што се наоѓа Центарот за жртви на семејно насилство.

**<u>Центар за лица - жртви на трговија со луѓе</u>**

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Број на корисници | 2 | 3 | 3 | 5 | -2 |

**<u>Центар за лица бездомници</u>**

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Број на корисници | 146 | 28 | 23 | 32 | -9 |

Во рамките на Службата за заштита на возрасни и стари лица функционира Прифатниот Центар за бездомни лица објект „Чичино село„ кој е со местоположба во с.Сарај. На истите лица стручните лица им укажаа на правата од Социјална заштита и каде и на кој начин можат истите да ги остварат.Корисниците се должни своите деца да ги вклучат во редовно образование,соодветно на нивната возраст,како и да обезбеди децата редовно да ја посетуваат наставата. Корисникот и полнолетните членови на семејството се должни да се пријавуваат во редовно образование во Центарот за бездомни лица Чичино село располага со згрижувачки

капацитет ... } година вкупната бројка е 23 лица. Возраст на децата е од 1 ... сетуваат редовна образовна настава. Возрасните лица се од 30 ... националност 11 лица се Роми ,Торбеш 1 лице,Србин 1 лице и ... семејства се 4 а останатите се самци. На сите им е обезбеден ... зниците ланч пакет. Оброкот се подига на шалтер кујна во

...иот центар за бездомни лица во 2023 година, Стручните ... Центар за социјална работа на град Скопје, работеа на ... ое семејство и поединци поединечно, сместени во ..., вклучувајќи ги и лицата згрижени од страна на другите ...на Македонија.

**...ица и возрасни лица**

... улога на центри за активно стареење,каде подвижните ... исполнуваат слободното времево различни социјални и друштвени ...и.

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Број на регистрирани корисници во ДЦ | | | | | |
| Просечен број на присутни во дневен центар | | | | | |

**Советувалиште за брак и семејство**

| Корисници | Реализирано | | | План 2023 | Разлика 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | | |
| Вкупен број на евидентирани корисници во Советувалиште | 589 | 663 | 486 | 675 | -189 |
| Број на корисници по одредени ризици<br>-брак и семејство<br>-семејно насилство<br>-деца во ризик и сл | 413<br>82<br>94 | 523<br>96<br>44 | 219<br>234<br>33 | | |

| Советувалиште за жртви на семејно насилство | |
|---|---|
| Жени | 29 |
| Број на средби | 128 |

| Советувалиште за третман на сторители на семејно насилство | |
|---|---|
| Сторители | 139 |
| Број на средби | 390 |

Советувалиштето работи на интегриран пристап со лица со нарушени брачни и семејни односи (брачно и родителско советување), родители упатени во советувалиштето со уапуница, во делот на надзорот над вршење на родителското право, лица и деца жртви на семејно насилство, лица сторители на семејно насилство упатени со решение од Судот на советувалишен третман, советувалишна помош на малолетни лица со наполнети 16 години, кои сакаат да склучат брак, родители и деца со вопситно-социјални проблеми и деца во судир со законот, со родители и деца кои се наоѓаат во било каков социјален ризик, информативно-советувалишен разговор, како и лицата кои имаат потреба од советување за разрешување на брачни и семејни односи. Исто така советувалиштето има и превентивни активности.

Во текот на 2023 година во Советувалиштето е работено со 292 нови предмети кои се упатени по различен основ. Со претходно евидентирани семејства советувалишниот третман продолжува а за 194 предмети третманот е завршен и се доставени извештаи.

Информативно – советувалишен разговор е воден со 116 лица на кои им се дадени советувалишни услуги во сите области на работа на советувалиштето. Во текот на 2023 година стручниот тим следеше и работеше со вкупно 80 семејства ( родители и деца) на кои со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје им се уредени личните односи и непосредни контакти под надзор на стручни лица.

## 9. Постапки кои се водат во ЦСР

За секој поединечен вид на услуга од социјалната заштита се даваат податоци за број на предмети за три години station наназад, број на планиран обем на работа и споредба на планот со реализацијата:

| **Број на предмети во работа** | **Реализирано** | | | **План** |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 |
| **Брак и семејство** | **2449** | **2606** | **2931** | **3011** |
| Бракоразводи- постапки за мирење | 883 | 867 | 1062 | 817 |
| Лица со нарушени партнерски и брачни односи | 62 | 78 | 256 | 127 |
| Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее | 343 | 456 | 506 | 205 |
| Вонбрачно доверување на дете | 61 | 31 | 60 | 59 |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | 9 | 10 | 13 | 12 |
| Жртва на семејно насилство | 573 | 614 | 609 | 731 |
| Сторител на семејно насилство | 518 | 550 | 425 | 1060 |
| **Заштита на деца** | **5350** | **5635** | **4537** | **5080** |
| Дете без родители и родителска грижа | 596 | 651 | 451 | 791 |
| Дете со попреченост | 2236 | 2284 | 1490 | 1863 |
| Дете во ризик | 1222 | 1247 | 1660 | 1343 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дете во судир со закон | 735 | 784 | 488 | 368 |
| Малолетно лице под старателство | 379 | 402 | 130 | 404 |
| Надзор над вршење на родителско право | 74 | 104 | 196 | 117 |
| Одземање на родителско право | 8 | 10 | 27 | 14 |
| Посвојување | 100 | 126 | 22 | 105 |
| Илегални мигранти - малолетни | 11 | 27 | 73 | 75 |
| **Заштита на возрасни** | **1664** | **1842** | **2061** | **1596** |
| Полнолетно лице со попреченост | 140 | 140 | 160 | 10 |
| Возрасно лице под старателство(целосно одземена деловна способност) | 179 | 94 | 81 | 88 |
| Возрасно лице под старателство (делумно одземена деловна способност) | 33 | 36 | 43 | 38 |
| Старателство на возрасно лице за посебен случај | 204 | 173 | 156 | 173 |
| Лице кое злоупотребува droги и други психотропни супстанци | 4 | 13 | 17 | 15 |
| Лице кое злоупотребува алкохол,или се лекува од алкохол | 1 | 2 | 4 | 1 |
| Возрасно лице по отпуштање од казнена установа | 53 | 48 | 148 | 58 |
| Лице жртва на трговија со луѓе | 11 | 8 | 4 | 7 |
| Бездомно лице | 146 | 170 | 37 | 167 |
| Старо лице | 100 | 151 | 148 | 155 |
| Лице азилант | 51 | 172 | 429 | 27 |
| Носител на згрижувачко семејство | 104 | 121 | 123 | 126 |
| Носител на роднинско згрижување | 47 | 51 | 57 | 56 |
| Советувалиште за брак и семејство | 589 | 663 | 654 | 675 |
| ВКУПНО | **9463** | **10083** | **9529** | **9687** |

Од анализата во однос на погоре прикажаната табела за вкупниот број на предмети на услуги од социјалната заштита, се доаѓа до заклучок дека незначително е зголемен бројот на дадени услуги. Имено, во табелата се прикажани податоци за број на предмети за три години наназад, по број, планиран обем на работа и споредба на планот со реализацијата.

Се констатира дека во 2023 година, имаме намалување на бројот на корисници за 5,64% во однос на минатата година.Најголемо зголемување имаме во бракоразводните постапки и кај азилантите.

**Бракоразводи**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 188 | 155 | 61 | 61 | 0 |
| | Новопримени | 695 | 712 | 1001 | 725 | +276 |
| | Доставено мислење до суд | 618 | 610 | 750 | | |
| | Доставено мислење до ЦСР | | 31 | 52 | | |
| | Позитивна мировна постапка | 110 | 120 | 175 | | |
| | **Предмети во работа** | 155 | 61 | 185 | | |

Улогата на Центарот е да ја олесни адаптацијата и да помогне во надминување на кризата во семејството која неминовно произлегува од разводот, а посебно да им даде подршка на децата и да го заштити нивното ментално здравје.
Мировната постапка спаѓа во мерките кои надлежните институции ги превземаат во случај на развод на брак со партнерите кои имаат малолетни деца, со цел да се идентификуваат и минимизираат проблемите на комуникација и да се воспостави родителски однос по разводот. Движењето на бројот новопримени корисници на оваа постапка од погоре прикажаната табела, може да се забележи дека има зголемување во однос на 2022 година за 20,21%.
Модерното општество, динамичниот живот е секојдневие и за младите и за возрасните, различниот начин на сфаќање на нештата го покажуваат карактерот на сопружниците, кариерата пред семејството се наметнува секогаш од едниот брачен партнер, нетрпеливоста, причини кои доведуваат и до раскинување на бракот помеѓу сопружниците.

**Лице со нарушени партнерски и брачни односи**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| број на предмети | Пренесени | 7 | | 45 | 45 | 0 |
| | Новопримени | 55 | 78 | 211 | 82 | +329 |
| | Доставено мислење до Суд | 35 | 45 | 210 | | |

Што се однесува до услугата *„Лице со нарушени партнерски и брачни односи,,* од направените анализи и врз основа на добиените податоци се забележува дека во 2023 година бројката на доставени барања од страна на лица со нарушени партнерски и брачни односи е зголемена во однос на минатата година.
Основна причина за овој индикатор е:

- емотивната несозреаност на лицата кои стапуваат во брак,
- нереални очекувања од заедничкото живеење од страна на брачните партнери,
- меѓусебни недоразбирања кои подолг период не се надминуваат,
- динамиката на економските и општествените промени исто така доведуваат до распаѓање на семејниот живот и губење на неговата важност во очите на брачните партнери,
- влијанието на членовите од пошироките семејства, односно родителите кои се мешаат во животот на младите ,

- неверство од страна на едниот или другиот партнер,
- зависност од хазардни игри и др.
- миграцијата која освен што беше тренд или потреба кај младите сега веќе ги опфаќа сите возрасни групи.

**Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Регулирано видување со спогодба со родител | Пренесени | 193 | 265 | 211 | 211 | 0 |
| | Новопримени | 150 | 191 | 295 | 201 | +94 |
| | Завршени | 78 | 171 | 59 | | |
| | **Предмети во работа** | 265 | 4 | 49 | | |

Во најголем број случаеви на „регулирано видување со спогодба помеѓу родителите на детето на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее, се почитува спогодбата за видување. Во 2023 година, бројот на нови предмети е зголемен во однос на претходните години 10,39%. Центарот е надлежен во уредувањето на личните односии непосредни контакти со децата со родителот со кого не живеат. Бројката е зголемена поради тоа што и покрај судската одлука за развод на бракот, сепак постапките за регулирање на односите на родителот со кого дететто не живее и понатаму продолжува.
Можеме да констатираме дека е многу мал бројот на на видувања со спогодба со родител од вкупниот број на поднесени мислења до судот. Ова доведува до заклучок дека разведените партнери не се во состојба да изнајдат усогласено решение, иако тоа се однесува на развојот на нивното дете, што значи дека нивниот антогонизам продолжува и по разводот.

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Регулирано видување со спогодба со блиски сродници | Пренесени | 0 | | 29 | 29 | 0 |
| | Новопримени | 3 | 4 | 6 | 4 | +2 |
| | Завршени | 3 | 1 | 8 | | |
| | **Предмети во работа** | | | 4 | | |

Од секојдневното работно искуство на стручните работници во Службата за брак и семејство и семејно насилство се констатира дека најчесто се почитуваат спогодбите за видување со блиските сродници. Во текот на 2023 година имаме 6 ново примени барања.

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Регулирано видување со решение со родител | Пренесени | | 295 | 405 | 405 | 0 |
| | Новопримени | 358 | 370 | 402 | 382 | +20 |
| | Завршени | 105 | 260 | 350 | | |
| | **Предмети во работа** | 295 | 405 | 457 | | |

Од прикажаното во горенаведената табела може да се забележи дека во 2023 година, зголемен е бројот на новопримени барања за „регулирање видување со решение со родител, во споредба со претходната година. За надминување на овој значаен проблем е да се подигне свеста на родителите дека е во најдобар интерес на детето е да одржува контакти на постојана основа со двајцата свои родители а тие заеднички и спогодбено да одлучуваат за најважните прашања поврзани со личноста,прават и интересите на детето.

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| | | | 35 | 39 | 39 | 0 |
| Регулирано видување со решение со блиски сродници | Пренесени | | | | | |
| | Новопримени | 45 | 18 | 25 | 20 | +5 |
| | Завршени | 10 | 14 | 18 | | |
| | **Предмети во работа** | 35 | 39 | 45 | | |

**Вонбрачно доверување на дете**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 6 | 8 | 9 | 9 | 0 |
| | Новопримени | 55 | 23 | 51 | | |
| | **Предмети во работа** | 8 | 9 | 25 | | |

**Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| | | | | | | |
| Број на предмети | Пренесени | | | | | |
| | Новопримени | 9 | 10 | 13 | 12 | +1 |
| | Доставено мислење до суд | 9 | 10 | 13 | | |

Во однос на категоријата, ***„Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство„*** , и врз основа на анализа на податоците кои се однесуваат на периодот за 2023 година, констатирано е дека во вкупно *малолетни лица кои сакаат да стапат во брак пред полнолетство се 13* лица, бројките се движат на приближно исто ниво.

Најчести причини за оваа појава се нискиот степен на образование на родителите, социо-економскиот статус, невработеноста и сиромаштијата, традицијата, како и посебните ритуали и начини на живеење кои следат некои посебни карактеристични правила и обичаи.

Со малолетниците пред да стапат во брак има предбрачно советување кое се обавува со нив, при што истите заедно со партнерот се запознаваат со правните аспекти за бракот и семејството, изборот на партнерот, мотивацијата за склучување на брак, животните циклуси на семејството, стилот и квалитетот на живеење, очекуваните и неочекуваните брачни кризи и нивното надминување, планирање на семејството и одговорно родителство, здравствената заштита и репродуктивното здравје на партнерите.

<u>**Жртва на семејно насилство**</u>

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 79 | 84 | 105 | 105 | 0 |
| | Новопримени | 494 | 530 | 504 | 542 | -38 |
| | Доставено мислење до суд | | 509 | 510 | | |
| | Завршени | 84 | 105 | 99 | | |

Од анализата на движењето насемејното насилство, за последните три години, може да се заклучи дека во 2023 година, имаме намалување на новите барања во однос на 2022 година за 0,81%.

Неоспорно е дека семејното насилство е проблем од епидемиски размери со последици на индивидуите како жртви, нивните деца и нивните заедници. Под поимот семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загорозување на сигурноста ,телесно повредување, полово или друго психичко и физичко насилство со кое се предизвикува чуство не несигурност, загрозување или страв спрема брачниот другар, родители или деца , или пак секое друго лице што живее во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар.

Во однос на појавата ***„Жртви на семејно насилство„*** , како вид на услуга се третира во Центарот за социјална работа, согласно Законот за социјална заштита останатите закони како и согласно Законот за превенција, спречување и заштита на лица од семејно насилство. При што, основната функција на Службата за брак и семејство и семејно насилство, згрижување и вклучување во системот на социјална заштита на лицата од оваа целна група.

Под поимот жртва на семејно насилство се подразбира член на семејството или домаќинството кој секојдневно или повремено трпи насилство од страна на друг член од семејството или домаќинството, на кое се нанесуваат физички, психички и ментални повреди.

Видувањата на Центарот се дека, преку примена на соодветни мерки на превенција, превентивно работење со маргинализираните групи на граѓани, преку примена на интердисциплинарни тимови во рамки на Установата, но и координирана соработка со други релевантни институции, надлежни за оваа област, секако дека би имало поголеми ефекти во изнаоѓање на начин за сузбивање на овие несакани појави кои би биле од штета за општеството но и лично за самите поединци кои се наоѓаат во состојба на ризик.

Од вкупниот број на **ново евидентирани жртви на семејно насилство** во текот на 2023 година, најголем број се полнолетни жени (380)и деца(78) потоа се мажи(46).

Посебно загрижувачки е фактот дека насисл
твото најчесто е вршено од страна на нивните партнери и истото во голем број случаи е непријавено , па така се смета дека бројот на жени жртви на семејно насилство е многу поголем од она што покажуваат статистиките.

Иако најголем акцент се става на жените жртви на семејно насилство, сепак денес , во современото општество се јавуваат и мажите како жртви на семејно насилство.

Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство ги идентификува причините за семејно насилство во нееднаквите односи на моќ и длабоко вкоренетите патријархални вредности во македонското општество,кое ги става жените во потчинета положба. Жените, децата и постарите се издвоени како најранливи категории. Нерамноправноста на жената во бракот и семејството, извира од патријархалната структура

во општеството. Активната улога на мажот во општеството му обезбедува концентрација на моќ и власт на микро план, особено во рамките на семејството. Така се јавува и сопственичкиот однос кон жената, во кој ниту насилството не е исклучено како регулатор на послушност. Работата со жртвите и сторителите на семејно насилство е многу погодна за советодавна и/или советувалишна работа. Соочувањето со жртвите и сторителите предизвикува бројни емоции кон двата пола, при што можат да се јават и одредени проблеми.

Според видот и причините на сторено семејно насилство, во сите три години најголем е бројот на ***физичкото насилство(330) потоа е психичкото насилство(382).*** Контрола, изолација, љубомора и емоционални страдања на жената, состојба што жените ги навредува или сопругот се однесува кон неа на начин таа да се чувствува лошо, доминација на мажот во семејството дека неговиот збор треба да биде последен, заплашување, заканување дека ќе ја повреди неа или блиски луѓе, спречување да работи надвор од домот, омаловажување или понижување пред другите, барање дозвола да побара здравствена заштита, инсистира да знае каде е и со кого цело време.Од сите анализи е констатирано дека ова насилство е во поголем број од психичкото.

Во врска со ***етничката припадност***, нашите анализи покажуваат дека насилство најмногу пријавуваат граѓани од македонската припадност, а најмал број има пријави од албанска припадност. Причина за големата разлика е што кај другите националности како резултат на воспитувањето и поради затвореноста на семејниот систем, многу ретко се одлучуваат да говорат за семејните и брачни проблеми или пак за пријава на сторено насилство во семејството.

Најголем број пријави за семејно насилство во текот на 2023 година, пријави од страна на самата жртва па потоа се пријавите од МВР, вкупно пријави од МВР се (116), потоа следува Центарот за социјална работа на град Скопје, каде што жртвите лично се обратиле за помош, вкупно имаме (344 )пријави а најмалку од страна на други институции.

Жените и децата се најризична категорија на граѓани која е изложена на ваков тип на насилство. Најголем број жртви на семејно насилство се вработени,по потекло се од од градска средина.Македонците се оние кои најмногу пријавуваат семејно насилство(373), потоа Албанците(76) ,Ромите(30) , др националности(25). На жртвите на семејно насилство најчесто им се пружа психо-социјална подршка, правна помош, згрижување и.т.н.

Она што е новитет кај семејното насилство и целта е да им се помогне на жртвите на семејно насилство и да им понуде спас е **мобилната апликација "Биди безбедна"**,која ја креираа Министерството за труд и социјална политика и UNDP во 2022 година.,за да им се овозможи на жртвите на полесен и поедноставен начин да пријават семејно насилство.

**Сторител на семејно насилство**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 39 | 20 | 35 | 35 | 0 |
| | Новопримени | 479 | 530 | 390 | 545 | -155 |
| | Доставено мислење до суд за привремени мерки | 20 | 35 | 30 | | |
| | Завршени | 450 | 515 | 395 | | |

Најголем број лица што сториле семејно насилство се мажи (463), семејното насилство се случува независно од степенот на образование и средината од која потекнуваат но има незабележителна разлика во делот на невработеност, односно губењето на работата а со тоа и намалувањето на улогата на мажот во општеството, допринесува мажот преку насилството да се обидува да го утврди својот идентитет. Бројот на сторители на семејно насилство во однос на 2022 година е намален за 25,64%.

**Центарот поднесува кривични пријави против сторителите на семејно насилство.**

| Привремени мерки за заштита од семејно насилство (01.01. до 31.12.2023) | Предложени | Изречени | Отфрлени | Следење |
|---|---|---|---|---|
| | 970 | 791 | | |

Интервенции кои што ги презема Центарот за социјална работа во речисти ист број се Психо-социјалнаи Правна помош. Број на известувања до Агенција за вработувањена Република Северна Македонија, за вклучување во активните мерки, Сместување во Центар за лица жртви на семејно насилство се интервенции и следуваат интервенција здравство, интервенција со полиција.

Најчести привремени мерки за заштита од семејно насилство се следните:

- Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство- предложени (248), изречени (202)
- Забрана да матретира,вознемирува,телефонира,контактира или друг начин комуницира со член на семејство,директно или индеректно-предложени (248), изречени (202).
- Забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето,училиштето,работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството -предложени (202), изречени (169).
- Задолжително да посетува соодветно советувалиште - предложени (196), изречени (161).
- Задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува , алкохол, дрога и други психотропни супстани или има психичко заболување- предложени (73),изречени (55)
- Изрекување на било која друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и дробросостојба на другите членови на семејството-привремени (2), изречени (2).

**Дете без родители и родителска грижа**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 233 | 235 | 372 | 372 | 0 |
| | Новопримени | 363 | 416 | 79 | 419 | -340 |
| | Завршени | 35 | 279 | 290 | | |
| | **Предмети во работа** | 235 | 372 | 14 | | |
| Возраст на дете | до 3 години | 30 | 98 | 45 | | |
| | 4 - 6 години | 43 | 99 | 61 | | |
| | 7 – 10 години | 42 | 62 | 72 | | |
| | 11 – 14 години | 29 | 55 | 72 | | |
| | 15 - 18 години | 73 | 45 | 38 | | |
| | над 18 години | 18 | 13 | 14 | | |

За заштита на овој вид социјален ризик потребно е да се реализираат мерките за превенција за да се спречат појави на социјални проблеми и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми.Кај оваа услуга во однос на минатата 2022 година имаме намалување за 36,29%.

**Дете со попреченост**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 1856 | 1856 | 1434 | 1434 | 0 |
| | Новопримени | 380 | 428 | 56 | 429 | -423 |
| | Решени | 380 | 850 | 21 | | |
| | **Предмети во работа** | 1856 | 1434 | 21 | | |

Согласно податоците добиени од анализа на годишната евиденција на упатени и категоризирани деца со пречки во менталниот или телесниот развој може да се забележи дека и во 2023 година, најчести групи во кои се распоредени децата се категоријата на комбинирани пречки во развојот и деца со хронични заболувања и сериозно нарушена здравствена состојба. Додека по однос на возраста на категоризирани деца се забележува варијација на застапеноста на одредена возраст по вид на попреченост. Кај деца со попреченост исто така имаме намалување во однос на 2022 година за 36,29%.

Дете во ризик

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 663 | 614 | 691 | 691 | 0 |
| | Новопримени | 559 | 633 | 969 | 652 | +299 |
| | Завршени | 608 | 556 | 952 | | |
| | **Предмети во работа** | 614 | 691 | 708 | | |
| Возраст на дете | До 14 години | 215 | 254 | 225 | | |
| | Од 14 до 18 години | 399 | 437 | 483 | | |

Кога ќе се погледне бројката на новопримени деца во ризик во 2023 година имаме зголемување во однос на минатата 2022 година,за 28,41% во однос на минатата година. Има голем број фактори кои можеме да ги наброиме и кои донесуваат за ваквата појава на кривичното дело кај децата, но важни фактори кои влијаат се: соци-оекономските услови; семејството; индивидуалните карактеристики на детето и односите со врсниците, социјалните мрежи и други фактори.

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (**дете жртва на насилство**) | Пренесени | 7 | 16 | 86 | 86 | 0 |
| | Новопримени | 39 | 113 | 83 | 121 | -38 |
| | Решени | 30 | 22 | 8 | | |
| | **Предмети во работа** | 16 | 86 | 8 | | |

Сепак како и во многу делови од светот , насилството и понатаму претставува реалност за децата во земјата. Не постојат доволно емпириски податоци за обемот , распостранетоста и типологијата на насилството, но достапните податоци покажуваат дека многу деца се во ризик од насилство.

Кај овој вид на услуга „дете жртва на насилство„ во 2023 година, се бележи намалување во однос на 2022 година. Со законските измени се обезбедува заштита на децата како систем на организирани мерки и активности за грижа и заштита на децата. Насилството врз децата и во Р.Северна Македонија и во светот станува вообичаена практика. Со новоподготвените процедури за постапување со деца жртви на насилство се поставува нов пристап кон овие деца .Целта е да се минимализараат дополнителните трауми за децата,но и да се води детето и неговото семејство низ тие законски постапки.

Најмногу насилство пријавуваат малолетници од машки пол и малолетниците од градска средина,а што се однесува за возраста најмногу пријавуваат децата во ризик на возраст од 14 до 18 години.

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (**дете жртва на трговија со луѓе** ) | Пренесени | 4 | 14 | 18 | 18 | 0 |
| | Новопримени | 10 | 7 | 3 | 8 | -5 |
| | Решени | | 3 | 9 | | |
| | **Предмети во работа** | 14 | 18 | 6 | | |

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети(**Дете жртва на сексуална злоупотреба)** | Пренесени | 13 | 35 | 23 | 23 | 0 |
| | Новопримени | 22 | 36 | 50 | 38 | -12 |
| | Завршени | | 48 | 46 | | |
| | **Предмети во работа** | 35 | 23 | 30 | | |
| Возраст на дете | До 14 години | 4 | 7 | 28 | | |
| | Од 14 до 18 години | 31 | 16 | 40 | | |

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (**дете на улица**) | Пренесени | 130 | 166 | 20 | 20 | 0 |
| | Новопримени | 69 | 41 | 69 | 45 | +24 |
| | Решени | 33 | 187 | 63 | | |
| | **Предмети во работа** | 166 | 20 | 26 | | |

Состојбата со питачењето, односно злоупотреба на детскиот труд во земјава е застапена меѓутоа бројките бележат мало зголемување во однос на претходните години, што веројатно се должи на зголемувањето на родителскиот потенцијал. Децата се на крстосниците и тоа најчесто под принуда на нивните родители или други организирани групи, кои ги злоупотребуваат детскиот труд.

Оваа појава позастапена е кај децата од ромска националност и возраста кај која оваа појава е најзастапена е од 14 до 18 години.Во текот на 2023 година, во однос на претходната година се бележи зголемување. во однос на бројката. Стручните работници кои што работат на оваа проблематика работат на зајакнување на родителските капацитети за грижа за своите деца како и развивање на свесноста на родителите со последиците со кои можат и тие и нивните деца да се соочат, како и преку превземање на соодветни Во 2023 година имаме намалување во однос на 2022 за 79%.

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (дете кое злоупотребува алкохол | Пренесени | | | | | |
| | Новопримени | | | | | |
| | Решени | | | | | |
| | **Предмети во работа** | | | | | |

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (дете кое злоупотребува дрога | Пренесени | | | | | |
| | Новопримени | | | | | |
| | Решени | | | | | |
| | **Предмети во работа** | | | | | |

**Дете во судир со законот**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 249 | 638 | 216 | 216 | 0 |
| | Новопримени | 486 | 146 | 272 | 152 | +126 |
| | Завршени | 97 | 568 | 231 | | |
| | **Предмети во работа** | 638 | 216 | 257 | | |
| Возраст | Полни 14, неполни 16 | 342 | 97 | 115 | | |
| | Полни 16, неполни 18 | 135 | 116 | 131 | | |
| | Полни 18, неполни 21 | 9 | 3 | 11 | | |

Од прикажаните податоци во табелата погоре се забележува дека имаме намалување на оваа појава во општеството за 46,54%.

Потребно е развивање и спроведување на програми за превенција и интерактивни активности за надминување на евентуално насилство меѓу учениците

Како причина за оваа појава тоа, од досегашното искуство и работата на стручните лица во Службата за заштита на деца се доаѓа до следниве констатации дека за овој вид на услуга основна причина е:

-недоволното внимание и посветеноста од страна на родителите,

-возраста на малолетникот,

-потребата да се биде лидер во групата,

-заведеност од групата врсници

**Малолетно лице под старателство**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 342 | 369 | 28 | 28 | 0 |
| | Новопримени | 37 | 33 | 120 | 35 | +80 |
| | Донесени решенија за престанок на старателство | 10 | 369 | 105 | | |
| | **Предмети во работа** | 369 | 28 | 25 | | |

Со старателството им се дава посебна заштита на малолетните деца кои се без родителска грижа. Во 2023 година имаме намалување на бројката малолетни лица под старателство.

Основните причини за појавата на услугата на малолетни деца под старателство е:

- материјалниот фактор со оглед на тоа што родителите најчесто самохраните мајки не се во состојба да се грижат за своето дете за да му обезбедат егзистенцијални услови за живот,
- поради смрт на еден од родителите и неможност на другиот да се грижи
- поради лоша економска состојба,
- немање на постојано место на живеење особено кај Ромската популација,
- доколку еден или двајцата родители издржуваат казна затвор или се спречени поради болест,
- а во последен период поради тоа што родителите во борба за егзистенција ја напуштаат државата и децата ги оставаат кај блиски сродници кои немаат материјални средства да се грижат за нив подолго време за да на крајот ги остават на грижа на Центарот за социјална работа и сл.
- доколку еден или двајцата родители издржуваат казна затвор или се спречени поради болест,
- а во последен период поради тоа што родителите во борба за егзистенција ја напуштаат државата и децата ги оставаат кај блиски сродници кои немаат материјални средства да се грижат за нив подолго време за да на крајот ги остават на грижа на Центарот за социјална работа и сл.

**Надзор над вршење на родителско право**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 19 | 44 | 55 | 55 | 0 |
| | Новопримени | 55 | 60 | 141 | 62 | +79 |
| | Завршени | 30 | 49 | 16 | | |
| | **Предмети во работа** | 44 | 55 | 63 | | |

**Одземање на родителско право**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 3 | 4 | 6 | 6 | 0 |
| | Новопримени | 5 | 6 | 21 | 8 | +13 |
| | Завршени | 4 | 4 | 10 | | |
| | **Предмети во работа** | 4 | 6 | 11 | | |

На родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по прибавено мислење од центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпарнична постапка. Како злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности се смета ако родителот:

- спроведува физичко или емоционално насилство над детето;
- полово го искористува детето;
- го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст;
- му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции;
- го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење,
- го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија;
- го напуштил детето и подолго од три месеца не се грижи за детето и
- ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

**Посвојување**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети за проценка на посвоител | Пренесени | 86 | 96 | 0 | 0 | 0 |
| | Новопримени | 14 | 30 | 22 | 32 | -10 |
| | Решени | 4 | 53 | 15 | | |
| | **Предмети во работа** | 96 | 0 | 7 | | |

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети за проценка на посвоеник | Пренесени | 17 | 25 | 0 | 0 | 0 |
| | Новопримени | 12 | | 3 | | |
| | Решени | 4 | | 3 | | |
| | **Предмети во работа** | 25 | 0 | 0 | | |

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети за заклучено посвојување | Пренесени | 5 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| | Новопримени | 8 | 8 | 11 | | |
| | Решени | 13 | 12 | 11 | | |
| | Предмети во работа | 4 | | 0 | | |

Во делот на постапката за посвојување се забележуваат три работи:

- Прво, бројот на потенцијални посвоители кои поднесуваат барања за упис во електронската апликација за посвојување во периодот 2018-2023 година се забележува намалување. За самото посвојување се зборува повеќе во општеството, самата процедура на повеќе начини се прави поблиска до потенцијалните посвоители што ги охрабрува да ја започнат самата постапка и да поднесат барање за посвојување на дете.

- Второ, во делот на деца кои што се запишани во електронската апликација за посвојување како потенцијални деца за посвојување во 2023 година има зголемување. Неможе да се определат индикатори кои што ќе ја определат причината за движењето.

- Трето, со оглед на самата законска регулатива и предвидениот начин на избор на посвоител по електронски пат каде што Комисијата за засновање на посвојување при Министерство за труд и социјална политика го прави поврзувањето на дете со посвоител не може да се определи конкретен индикатор за ова движење. Бројката зависи од моменталниот број на деца достапни за посвојување кое што е директно врзано со изјавата за профил на дете која што ја даваат потенцијалните посвоители, а со која ги определуваат карактеристиките на детето што сакаат да го посвојат. Сето ова може да придонесе за зголемување или намалување на започнати адаптации, а со тоа и на заклучени посвојувања.

__Полнолетно лице со попреченост__

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 140 | 140 | 10 | 10 | 0 |
| | Новопримени | 0 | 0 | 150 | | |
| | Решени | | 130 | 123 | | |
| | Предмети во работа | 140 | 10 | 37 | | |

Лицата на кои со одлука на судот делумно или целосно им е одземена деловната способност, центарот за социјална работа ги става под старателство.
Старателот на лице на кое му е одземена или ограничена деловната способност, должен е да се грижи особено за неговата личност, права, интереси,сместување и здравје.

**Старателство на лице со целосно одземена деловна способност**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 169 | 33 | 28 | 28 | 0 |
| | Новопримени | 10 | 61 | 53 | 60 | -53 |
| | Решени | 146 | 66 | 54 | | |
| | **Предмети во работа** | 33 | 28 | 27 | | |

Од табелата погоре е прикажана состојбата во однос на движењето, односно порастот на овој вид на услуга ,Старателство на лице со целосно одземена деловна способност и може да се констатира дека во тек на 2023 година, имаме исто движење, со мало намалување. Како причина за покренување на постапката за одземање деловна способност е пред се влошување на психичката состојба на лицата, нивната менталната состојба, како и болестите пропратени со староењето на лицето и неговата неможност да се грижи само за себе и своите права и интереси.

**Старателство на лице со делумно одземена деловна способност**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 23 | 27 | 28 | 28 | 0 |
| | Новопримени | 10 | 9 | 15 | 10 | +5 |
| | Решени | 6 | 8 | 19 | | |
| | **Предмети во работа** | 27 | 28 | 24 | | |

**Старателство на возрасно лице за посебен случај**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | | | 1 | 1 | 0 |
| | Новопримени | 204 | 173 | 152 | 172 | -80 |
| | Решени | 204 | 172 | 140 | | |
| | **Предмети во работа** | | 1 | 13 | | |

Центарот за социјална работа ќе му постави старател за одделни работи или определен вид работи на лице чие место за живеење не е познато, а кое нема застапник, на непознат сопственик на имот кога е потребно некој да се грижи за тој имот, како и во други случаи кога е тоа потребно заради заштита за правата и интересите на одделни лица.

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (Старател по службена должност) | Пренесени | | 33 | 27 | 27 | 0 |
| | Новопримени | 66 | 29 | 145 | 30 | +114 |
| | Решени | 35 | 35 | 159 | | |
| | **Предмети во работа** | 33 | 27 | 13 | | |

**Лице кое употребува,односно злоупотребува дрога и други психотропни супстанци**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 4 | 4 | 5 | 5 | 0 |
| | Новопримени | | 9 | 12 | 10 | +2 |
| | Решени | | 8 | 10 | | |
| | **Предмети во работа** | 4 | 5 | 5 | | |

Од табелата погоре е прикана состојбата во однос на движењето на овој вид на услуга "Лице кое употребува односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанци" , она што може да се забележи е дека кај овој вид на услуга корисниците се по националност Македонци. По место на живеење сите се од градска средина а и сите се полнолетни.

Интервенции кои ги нуди Центарот за социјална работа на град Скопје се:

- Психо-социјална помош
- Правна помош
- Интервенција со полиција
- Интервенција здраство
- Сместување во Терапевтска заедница
- Овозможување на Гарантирана минимална помош и.т.н.

**Возрасно лице по отпуштање од казнена установа**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | | | | | |
| | Новопримени | 53 | 48 | 148 | | |
| | Решени | 53 | 48 | 148 | | |
| | **Предмети во работа** | | | | | |

Од редот на маргинализирани лица со специфични социјални проблеми, соодветни услуги треба да се развијат и кон лицата што излегуваат од затвор. Освен еднократната парична помош, за овие лица не се нудат услуги за реинтеграција во општеството.

**Лице жртва на трговија со луѓе**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 7 | 6 | 4 | 4 | 0 |
| | Новопримени | 4 | 2 | 0 | 3 | -3 |
| | Решени | 5 | 4 | 4 | | |
| | **Предмети во работа** | 6 | 4 | 0 | | |

**Бездомно лице**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 2 | 8 | 4 | 4 | 0 |
| | Новопримени | 144 | 162 | 33 | 163 | -149 |
| | Решени | 138 | 166 | 14 | | |
| | **Предмети во работа** | 8 | 4 | 23 | | |

Во однос на направената анализа на податоците прикажани во горенаведената табела, може да се забележи дека во 2023 година има намалување на новорегистрирани бездомници во однос на 2022 година..

Бездомните лица се лица кои се нашле во социјален ризик кои ги имаат прекинато сите врски со семејната и социјалната средина, поради претрпена елементарна непогода и немање на постојано место на живеење, поради злоупотреба на алкохол и дрога, невработеноста кои се основни причини за нивна неможност да се снајдат во социјалната средина. Во дел од случаевите има и такви кои по личен избор остануваат на улица како категорија бездомник, кои се соочуваат и понатаму со ризик отсуство на дом и истите поради немање на комлетна лична документација не можат да остварат некое од правата од социјална заштита. Стручните лица, помагаат во обезбедување на лична документација, здравствено осигурување, вклучување на децата во образовниот процес и.т.н.

**Старо лице**

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број н а предмети | Пренесени | 33 | 90 | 90 | 90 | 0 |
| | Новопримени | 67 | 61 | 58 | 65 | -51 |
| | Решени | 10 | 61 | 104 | | |
| | **Предмети во работа** | 90 | 90 | 44 | | |

Во однос на овој вид на услуга ,, старо лице,,карактеристично е тоа што во 2023 година имаме 58 нови барања на стари лица.

Политичките, економските, социјалните промени во општеството, кои промени влијаат на населението, а особено на постарите, кои се ранлива категорија, поради недостиг на

Носител на згрижувачко семејство

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 84 | 96 | 100 | 100 | 0 |
| | Новопримени | 20 | 25 | 23 | 26 | -3 |
| | Решени | 8 | 21 | 120 | | |
| | **Предмети во работа** | 96 | 100 | 3 | | |

Правото на сместување во згрижувачко семејство се обезбедува на дете без родители и дете без родителска грижа, најдоцна до завршување на средното образование, дете со воспитно-социјални проблеми, малолетен сторител на кривично дело или прекршок како и лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега. Ова згрижување опфаќа основна заштита и 24 часовна грижа.

Во однос на движењето на оваа услуга во текот на 2023 година, во однос на претходните години, се забележуваа дека имаме минимално намалување во бројот на новопримени згрижувачки семејства. Сместување лице во згрижувачко семејство се врши врз основа на склучен договор меѓу центарот за социјална работа и згрижувачот.

Згрижувачот има право на надоместок на трошоците за сместување на лицето и надоместок на згрижување. На полето на развој и унапредување на услугата сместување во згрижувачко семејство се прават напори да се прошири мрежата, да се подигне квалитетот на грижа во постоечките згрижувачки семејства и да се развијат специјализирани згрижувачки семејства и постојано се преземаат активности за промоција на оваа социјална услуга.

Носител на роднинско згрижување

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 38 | 47 | 51 | 51 | 0 |
| | Новопримени | 9 | 4 | 6 | 5 | +1 |
| | Решени | | | 6 | | |
| | **Предмети во работа** | 47 | 51 | 51 | | |

материјални средства , болни, осамени и истите неможат да водат грижа за себе без помош на семејството или социјалните институции. Исто така економската миграција доведе до поинтензивно стареење на семејства, особено во руралните области, но исто така и во некои пошироки помалку економски развиените подрачја. Постарите домаќинства стануваат ранлива група, која бара повеќе внимание во креирањето на програми за поддршка на семејството и почитување на значајни разлики од економска природа, но исто така, културни, етнички и други карактеристики. Стручните лица во зависност од постојните ресурси и практики пружаат поддршка на семејството индиректно - преку разни форми на обезбедување на услуги за стари лица, особено кај старите и возрасните лица со телесна попреченост, лица кои не се во можност да си обезбедат соодветни услови за живеење, односно тие немаат блиски кои се должни да се грижат за нив.

Институционална заштита треба да се гледа како опција за оние кои имаат потреба од постојана медицинска нега и кои не се во состојба сами да се грижат за себе, кои немаат соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини потребно им е сместување во установа од социјална заштита. Бројот на населението над 65 години , како и неговото учество во вкупното население е во континуиран пораст кој што се очекува да продолжи и во наредниот период.

**Лице азилант**

| | | **Реализирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (**Возрасни баратели на азил)** | Пренесени | 53 | 54 | 27 | 27 | 0 |
| | Новопримени | 3 | 118 | 402 | | |
| | Решени | 2 | 145 | 403 | | |
| | **Предмети во работа** | 54 | 27 | 32 | | |

| | | **Реализирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети (**Малолетни баратели на азил)** | Пренесени | 3 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| | Новопримени | 1 | 24 | 70 | | |
| | Решени | 1 | 27 | 73 | | |
| | **Предмети во работа** | 3 | 0 | 0 | | |

Од направената анализа во горeприкажаната табела може да се забележи дека има големо зголемување на бројот на азиланти во текот на 2023 година во однос на предходите години. На овие лица им се обезбедува привремено сместување и згрижување во Прифатниот центар на лица баратели на азил-Визбегово, а на непридружуваните - малолетни лица им се назначува старател по службена должност.

Носител на згрижувачко семејство

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 84 | 96 | 100 | 100 | 0 |
| | Новопримени | 20 | 25 | 23 | 26 | -3 |
| | Решени | 8 | 21 | 120 | | |
| | **Предмети во работа** | 96 | 100 | 3 | | |

Правото на сместување во згрижувачко семејство се обезбедува на дете без родители и дете без родителска грижа, најдоцна до завршување на средното образование, дете со воспитно-социјални проблеми, малолетен сторител на кривично дело или прекршок како и лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега. Ова згрижување опфаќа основна заштита и 24 часовна грижа.

Во однос на движењето на оваа услуга во текот на 2023 година, во однос на претходните години, се забележуваа дека имаме минимално намалување во бројот на новопримени згрижувачки семејства. Сместување лице во згрижувачко семејство се врши врз основа на склучен договор меѓу центарот за социјална работа и згрижувачот.

Згрижувачот има право на надоместок на трошоците за сместување на лицето и надоместок на згрижување. На полето на развој и унапредување на услугата сместување во згрижувачко семејство се прават напори да се прошири мрежата, да се подигне квалитетот на грижа во постоечките згрижувачки семејства и да се развијат специјализирани згрижувачки семејства и постојано се преземаат активности за промоција на оваа социјална услуга.

Носител на роднинско згрижување

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Број на предмети | Пренесени | 38 | 47 | 51 | 51 | 0 |
| | Новопримени | 9 | 4 | 6 | 5 | +1 |
| | Решени | | | 6 | | |
| | **Предмети во работа** | 47 | 51 | 51 | | |

**Други услуги што ги обезбедува Центарот за социјална работа на град Скопје**

| Број на предмети | Реализирано | | | План |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 |
| Давање на согласност за издавање на патна исправа на малолетно дете | 152 | 229 | 350 | 176 |
| Давање согласност за патување на малолетно дете во странство | 9 | 113 | 93 | 121 |
| Постапување по меѓународни конвенции, Хашка конвенција за меѓународно грабнување на деца и за плаќање на алиментација | 4 | 5 | 20 | 6 |
| Постапки за административно и судско извршување | 672 | 654 | 680 | 654 |
| Промена на презиме на малолетно лице | 13 | 12 | 25 | 16 |
| Уверение за отпус од државјанство | 71 | 244 | 239 | 198 |
| Уверение за деловна способност | 660 | 1265 | 1013 | 979 |
| Промена на име и презиме | 689 | 823 | 815 | 775 |
| Решенија за располагање со имот на полнолетни лица и малолетни деца | 150 | 140 | 226 | 172 |
| Решенија за сместување/престанок во Установа | 5 | 306 | 1515 | 1200 |
| Пстапување за оставинска постапка за дете | 3 | 65 | 66 | 65 |
| Барање за иселување | 4 | 7 | 16 | 9 |
| Решение за сместување во установа/продолжување | 71 | 55 | 492 | 209 |
| Решение за упатување/продолжување на услуга во Служба за организирано живеење со поддршка | 43 | 38 | 14 | 31 |
| Изработување на заклучоци, **наод и мислење** на стручен работник, тим | 6512 | 21974 | 22350 | 16945 |
| Определување на лично име | 7 | 22 | 34 | 21 |
| Упис на новороденче | 10 | 9 | 5 | 7 |
| Постапување по претставки и предлози | 143 | 158 | 111 | 155 |
| Барања за информации од јавен карактер | 17 | 21 | 15 | 27 |

**Народна кујна**

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2023 | 2023 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 59,319,000.18 | 59,271,818.00 | 67,121,672.00 | | |
| | Неосновано исплатени | | | | | |
| | Вратени средства | | | | | |

***Табела за месечно движење на вкупен број на корисници за Народна кујна за периодот 2023година***

| Месеци | Корисници | *Оброци* |
|---|---|---|
| **Декемеври** | *307* | *999* |

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во континуитет обезбедува – Готов топол оброк за социјално ранливи групи на граѓани, како продолжение на Проектот „Народни кујни" на Влада на Р.С.Македонија од 2007 година, во насока на поддршка на најранливите категории на граѓани.

Оброците се делат во 7 (седум) општини на 11 (единаесет) локации, во точно определено време и место.

При поделбата на оброците економскиот оператор ги запазува сите здраствено - санитарни мерки и протоколи, како што се: носење на маски, ракавици, воспоставување на ред – дистанца и редовна дезинфекција на садовите во кои се дистрибуира храната и самите возила со кој се врши доставата на оброците.

Функционирањето на кујните се одвива беспрекорно. Во текот на 2023 година, се направени неколку контроли на пунктовите каде што се дели храната, при што е извршена контрола дали Економскиот оператор се придржува кон Договорот склучен помеѓу двете страни. Констатирано е дека оброците се дистрибуираат редовно, во возила за дистрибуција и соодветни садови за транспорт на оброците до крајните корисници согласно Договорот. Од органолептичкиот увид се констатира дека квантитетот и квалитетот (во однос изглед, мирис и вкус ) ги задоволуваат ориентационите норми за приготвување на готов топол оброк. Извршен е разговор со корисниците и од нивна страна исто така е изразено задоволство во однос на квалитетот и квантитетот на оброкот кој го добиваат.

Бројот на оброци предвидени во тендерската документација изнесува до 1000 оброци на ден. Заклучно со 31.12.2023 година се делат по 999 оброци на ден. Причина за оваа максимална исполнетост на бројот на оброци, меѓу другото е распределбата на оброци во сместувачкиот центар Ранка Милановиќ каде се дистрибуираат вкупно 98 оброци. Согласно сегашниот Договор, цената на еден оброк изнесува 193,20 денари со ДДВ . Доколку на овој износ би се вкалкулирал порастот на цените на суровините и порастот на цената и инфлацијата цената на еден оброк би изнесувал од 230,00 до 250,00 денари по оброк, со тоа буџетот за Народни кујни би се зголемил на 75.000.000,00 денари за 1000 оброци во текот на една година.

Единствен проблем претставува немањето на објекти во одредени општини во кои би се делела храната.

Во однос на недостаток на објекти во кои би се делело храна Ве известуваме дека храната се дели на отворено на следниве локации од следниве причини:

Одземени објекти од страна на Општините при што храната се дели на отворено:

- МЗ нас.Драчево ул.Ратко Митровиќ бб, Кисела Вода - Скопје
- МЗ Раде Јовчевски Корчагин, Ул.Ѓуро Ѓоновиќ бр.43, Центар - Скопје
- Шуто Оризари – Скопје, (во моментов сме во преговори со градоначалникот за доделување на простор)

Објект во кој нема елементарни услуви за делење на храна, бидејќи во истиот се обработува дрвенарија и од тие причини храната се дели на отворено:

- Хангари Ченто 2-хангар, ул.Палмиро Тољати 6б, Гази Баба – Скопје

Локација на која не сме имале објект и храната се дели на отворено:

- Злокуќани , Карпош – Скопје

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во 2023 година предлага бројот од 1000 оброци на ден да се зголеми на 1100 оброци на ден поради зголемено побарување како и Министерството за труд и социјална политика да направи напор во обезбедувањето на соодветни локации за делењето на готов топол оброк на ранливите категории на лица во погоре наведени општини кои би ги користеле 2-3 часа во текот на денот.

## 10. Институционална заштита

Се дава преглед на институционалната заштита на корисниците по одделни институции, согласно планираното и осврт на реализираното.

| Корисници | Реализирано | | |
|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 |
| ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола | 4 | 1 | 5 |
| ЈУ Детски Дом 11 Октомври | | 1 | 1 |
| ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение | | 1 | 4 |
| ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје | 16 | 16 | 13 |
| ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско,Струмица | 3 | 3 | 3 |
| ЈУ Специјален Завод Демир Капија | 43 | 30 | 23 |
| ЈУ Дом за стари лица | | | |
| Установи во Р Србија | 5 | 5 | 5 |
| Дом за деца и лица со пречки во развојот др.Никола Шуменковиќ Страмниоца Р.Србија | | 1 | 1 |

## 11. Превентивна работа

Превентивната социјална работа и во текот на 2023 година, беше преземена во сите Служби на Установата и истата беше насочена кон заштита на најранливите групи на корисници преку превземање на мерки и активности за спречување, настанување на основните социјални ризици со цел надминување односно ублажување на штетните последици настанати од ризикот.

Имено, превентивната работа на стручните работници претежно се спроведува преку:

-развивање на форми на помош до самопомош,

-преку носење на Програми за примена на превентивното работење,

-специјализиран тим кој функционира 24/7
- превентивна работа преку советувалишен третман со лицата во ризик,
-пружање на стручна и советувалишна работа во Советувалиштата за брак и семејство, Советувалиште за родители и деца жртви на насилство, Советувалиште за психо-социјален третман на извршители на семејно насилство, како и примена на други методи, мерки и активности кои соодветствуваат на потребите на разни Програми на превентивно дејствување и обезбедување на средства.Мерките се применуваат и реализираат во Центарот за социјална работа во соработка со општините, градот Скопје, училиштата, здравствените установи и други државни тела и органи како и правни и физички лица и НВО сектор.

| **Планирана активност** | **Учесници/целна група (описно)** | **Број/опфат на учесници** | **Очекувани позитивни влијанија/исходи** |
|---|---|---|---|
| Навремено откривање и превземање мерки на заштита на возрасни лица со целосна или делумно одземена деловна способност | возрасни лица со одземена целосна или делумна способност | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Откривање и превземање мерки на заштита на стари и возрасни лица со телесна попреченост преку нивно институционално сместување (старски домови) , упатување и информирање за остварување на права од социјалната заштита | стари и возрасни лица со телесна попреченост | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Ќе се работи на навремено откривање и превземање мерки на заштита на бездомни лица преку нивно соодветно упатување, информирање и згрижување | бездомни лица | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Превентивно ќе продолжи да работи во давање на советодавна и психосоцијална поддршка на лица кои злоупотребуваат дрога и | лица кои злоупотребуваат дрога и психотропни супстанци | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањат се позитивни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| психотропни супстанци | | | |
| Заштита и згрижување на баратели на азил во Прифатниот центар Визбегово и безбедносната куќа на JRS | лица – баратели на азил | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Следење и проучување на проблемите од областа на социјална заштита и предлагање мерки за нивно надминување до локална самоуправа и МТСП | најранливи групи на корисници на правата и услугите | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Примена на најразлични интервенции во смисол на советодавни, советувалишни, материјални, здравствени, правни и други облици на заштита со цел да се заштитат најранливите групи на корисници на права и услуги | најранливи групи на корисници на правата и услугите | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Летни одмори на децата во згрижувачките семејства и установите | децата во згрижувачките семејства и установите | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Надзор на родителското право во континуитет | Децата на улица - питачи | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Упатување во Дневните центри за дневно ангажирање и анимација на децата и едукативно и воспитна поддршка | Децата на улица - питачи | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Превентивни програми за родителите за подигање на свеста и поддршка на родителите во воспитно образовниот процес | Децата на улица - питачи | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Трибини за анимирање на јавноста за ангажирање потенцијални згрижувачки семејства на локално ниво | граѓани | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањата се позитивни |
| Едукативна Активност – преговарање и | Стручни лица од Службата за брак и | | Стекнувања на знаења и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| медијација во социјалната заштита – унапредување на вештините на комуникацијата и разрешување на конфликтите – Медијација во семејни спорови | семејство и семејно насилство | | развивање на вештини на комуникација и разрешување на конфликтиа се во функција на давање на услуга на медијација |
| Системски и интервентен програм за спречување на насилство во семејството | Стручни лица од Службата за брак и семејство и семејно насилство | | Помош на стручните лица на три нивоа: едукативен, интервентен и мотивационен |
| Едукативни активности на советувалиштето ( медијација во семејните спорови, системски и интервентен програм за спречување на насилство во семејството, обука на стручните лица за работа со деца во ризик, обука на стручните лица од системот на социјална заштита за превенција на пореметување на однесувањето кај деца и младинци, превентивна програма за унапредување на партнерските односи, информативен домен) | Стручните лица од Службата за брак и семејство и семејно насилство | | Поттикнување на партнерите на активна и ефикасна работа на унапредување на својот партнерски однос и припрема за семеен живот |
| Зголемување на бројот на сместувачки капцитети и | ранливите категории (стари лица, бездомни | Стручни лица при ЈУ МЦСР- | Очекувањата се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| изместување на постапката за сместување на | лица) | Скопје и во здравствени и други установи | позитивни |
| Посета на установите каде што се згрижени децата, како и на згрижувачките семејства, следење на процесот на ресоцијализација | децата во згрижувачките семејства и установите | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањат а се позитивни |
| Зајакнување на соработката со локалните заедници и советите за маолетничко претстапништво како и интензивирање на соработката со НВО- прв семеен центар | Деца во ризик | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањат а се позитивни |
| Донации и новогодишни подароци | Деца во ДЦДУ, згрижувачки семејства и деца сместени во установи | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањат а се позитивни |
| Превземање на мерки за спречување на настанувањето и надминувањето на основните социјални ризици | граѓаните, семејства или група на население во положба од социјален ризик | Зголемување на капацитетот на стручен кадар | Очекувањат а се позитивни |
| Зголемена и поинтензивна соработка со општина,здравство, образование, невладин сектор, Црвен Крст и други институции | Корисници на права од Законот за социјална заштита | Стручни лица при ЈУ МЦСР-Скопје | Очекувањат а се позитивни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

## 12. Останати активности

Во овој дел се дава приказ за други дополнителни активности во кои дел од стручните работници беа вклучени во текот на извештајната *2023* година а тие се следни:
Континуиран професионален развој организиран преку адекватни стручни обуки од страна на ЈУ Завод за социјални дејности, како и интерни обуки во рамките на Службите.
Работа на разни проекти, обуки, соработка со НВО или друг вид организации, соработка со општините и слични активности кои придонесуваат за надградба и усовршување на човечкиот капацитет и потенцијал во Центарот за социјална работа на град Скопје.
Обезбедување на дополнителна материјална подршка за обезбедување на лекарства препишани од соодветна здраствена установа за бездомните болни лица сместени во Чичино село.
Соработка со МВР-повеќе сектори, соработка со советувалиште, соработка со здравствени работници, МЗМП, ИОМ, Црвен Крст, верски заедници, ЦСР од други градови, НМУ.
Активно учество на стручните лица на обуки од доменот на делокругот на работата.

Како изразени дополнителни активности во Центарот за социјална работа на подрачје на град Скопје, во текот на извештајната 2023 година, ги посочуваме активностите кои беа превземени во однос на административно-техничка природа.

## 13. Човечки ресурси

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје брои вкупно 216 вработени во редовен работен однос и 5 вработени, ангажирани на определено време преку АПВ.

Вкупно 144 од вработените во редовен работен однос имаат стекнато високо образование, 60 од вработените имаат средно образование и 12 вработени имаат стекнато основно образование, додека 5 (пет) од вработените ангажирани на определено време имаат стекнато високо образование.

Согласно Законот за социјалната заштита работните места на вработените во јавните установи за социјална заштита се групираат во групи и подгрупи, согласно Законот за вработените во јавниот сектор, и тоа:

- даватели на јавни услуги во јавните установи за социјална заштита;
- административни службеници и
- помошно-технички лица.

Според наведеното 161 од вработените на неопределено вработени се распоредени на работни места од групата даватели на јавни услуги во јавните установи за социјална заштита, 30 се распоредени на работни места од групата административни службеници и 25 вработени

се распоредени на работни места од групата помошно-технички лица. Вработените ангажирани на определено време се распоредени на работни места од групата даватели на јавни услуги во јавните установи за социјална заштита.

**13.1. Структура на вработените во Центарот, според број и степен на образование, заклучно со 31.12.2023 година е следна:**

| Вработени | | Вработени заклучно со 31.12.2023 | Планирани промени[1] во број на вработени | Потребни нови вработувања согласно систематизација |
|---|---|---|---|---|
| Категорија А - Високо стручен кадар | Раководител А1 | 7 | | |
| | Координатор на оддел А2 | 9 | | |
| | Супервизија А3 | 0 | | |
| | Самостоен стручен службеник А4 | 48 | | |
| | Водител на случај во центар за социјална работа А4 | 39 | | |
| | Стручен службеник А5 | 25 | | |
| | Тријажер во центар за социјална работа А5 | 3 | | |
| Категорија Б Помошно стручен кадар | Помошно-стручен од прво ниво Б1 | 0 | | |
| | Помошно-стручен од второ ниво Б2 | 26 | | |
| | Помошно-стручен од трето ниво Б3 | 4 | | |
| Административни работници | | 30 | | |
| Помошно-технички кадар | | 25 | | |
| ВКУПНО: | | 216 | | |

[1]Се однесува на промени во бројот на вработени во ЦСР по основ на пензионирање, поднесени барања за отстапување или преземање на вработени од други установи и друго.

## 13.2. Реализирани движења на кадарот во рамките на институцијата:

1. СО30303А05028 Тријажер во центар за социјална работа во Оддел за права на парична помош на подрачје на општина Бутел, Служба за права на парична помош на подрачје на општините Бутел и Чаир прераспределба на работно место СО30303А05017 Дипломиран социјален работник Оддел за права на парична помош на подрачје на општина Бутел, Служба за права на парична помош на подрачје на општините Бутел и Чаир;
2. СО30303А05028 Тријажер во центар за социјална работа во Оддел за права на парична помош на подрачје на општините Арачиново и Петровец, Служба за права на парична помош на подрачје на општините Гази Баба, Илинден, Арачиново и Петровец прераспределба на работно место СО30303А05017 Дипломиран социјален работник во Оддел за права на парична помош на подрачје на општините Гази Баба и Илинден, Служба за права на парична помош на подрачје на општините Гази Баба, Илинден, Арачиново и Петровец;
3. СО30401А03004 Хигиеничар во Оддел за помошно – технички работи, Служба за административни и помошно – технички работи прераспределба на работно место СО30401А03002 Портир во Оддел за помошно – технички работи, Служба за административни и помошно – технички работи.

## 13.3. Обуки на кои присуствуваа вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во текот на 2023 година

- **Даватели на јавни ускуги во дејноста социјална заштита**

Согласно член 223, а во врска со член 236 од Законот за социјалната заштита вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална заштита на град Скопје, како даватели на јавни услуги имаат право на стручно усовршување, за што Директорот донесува План за континуиран професионален развој во согласност со Програмата за континуирана едукација на стручните работници во установите за социјална заштита изготвена од Заводот за социјални дејности. Стручните работници, даватели на јавни услуги, вработени во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална заштита на град Скопје треба да поседуваат лиценца за вршење на стручна работа во дејноста социјална заштита. Лиценцата ја издава Заводот за социјални дејности со важност за период од пет години и претставува јавна исправа за работа на стручниот работник. Во таа смисла, стручните работници, даватели на јавни услуги поминаа почетна едукација и/или едукација за стекнување со посебна лиценца за водител на случај во центар за социјална работа спроведена согласно со Програмата за континуирана едукација на стручните работници во установите за социјална заштита, по што полагаа општ стручен испит за стекнување со општа лиценца за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита пред Комисијата за лиценцирање за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита.

Континуирано во тековната 2023 година давателите на јавни услуги присуствуваа на повеќе работилници:

- Еден (1) стручен работник, давател на јавни услуги присуствуваше на работилница на тема: Животни /здравствени вештини и Програма за зависности/употреба на психоактивни супстанци;
- Еден (1) стручен работник, давател на јавни услуги присуствуваше на работилница на тема : Анализи и параметризација на јавни овластувања;
- Три (3) стручни работници, даватели на јавни услуги присуствуваа на Регионалната конференција за споделување искуства за судските служби за поддршка на жртви и сведоци;
- Тринаесет (13) стручни лица, даватели на јавни услуги поминаа обука за Прва помош при Црвен крст;
- Еден (1) стручен работник, давател на јавни услуги присуствуваше на работилница на тема: Борба против криумчарење на мигранти во Западен Балкан;
- Двајца (2) стручни работници, даватели на јавни услуги заедно со директорот на установата присуствуваа на средба на тема: Заедно до брзо решение на семејното насилство и насилство врз жените;
- Пет (5) стручни работници, даватели на јавни услуги заедно со директорот на институцијата поминаа обука на тема: Обезбедување на психосоцијална подршка и справување со траума;
- Три (3) стручни работници, даватели на јавни услуги поминаа обука на тема: Жртви на РБВ ( родовозасновано насилство);
- Три (3) стручни работници, даватели на јавни услуги поминаа обука на тема: Обезбедување на психосоцијална поддршка и справување со траума;
- Пет (5) стручни работници, даватели на јавни услуги поминаа обука за интегрирано софтверско решение за администрирање на паричните надоместоци и социјалниуслуги;
- Едно стручно лице давател на јавни услуги присуствуваше на конференција: Низ призмата на младинската работа;
- Двајца стручни работници, даватели на јавни услуги заедно со директорот на установата присуствуваа на завршна средба на тема: Заедно до брзо решение на семејното насилство и насилство врз жените;
- Двајца стручни лица, даватели на јавни услуги присуствуваа на обука на тема: Постапување со деца без придружба и ранливите категори, лица странци.

### *Дополнителни работилници и номинации на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје*

- Во советот за социјална заштита на скопски плански регион, номинирано е едно лице , давател на јавни услуги како претставник од нашата институција кој присуствуваше на првата седница,
- На обука/семинар на тема Assisted Bank Accounst и Debt counseling во склоп на проект ГРИЖИ СЕ поддржан од Федералното министерство за социјална работа, здравје, грижа и заштита на потрошувачи присуствуваа две стручни лица, даватели на јавни услуги;
- Во советот за социјална заштита на општина Арачиново номинирани се две лица, стручни службеници, даватели на јавни услуги;

- На работни состаноци со експерти од ЕУ - Оценска мисија за работата на независни и регулаторни тела номинирани се и присуствуваа две лица од нашата институција - административни службеници;
- Номинирани членови на Управен одбор на проект:"Активација на ранливи групи на пазарот на трудот " спроведен од Агенција за вработување на Р.С. Македонија од нашата институција се две раководни лица, стручни службеници, даватели на јавни услуги;
- Номиниран член во Комисија за реализиација на програмата " Општинско - корисна работа " за 2023/2024 година на Град Скопје од нашата институција е едно лице, , стручен службеник, давател на јавни услуги;
- Во Локален совет за превенција на општина Карпош номинирано е едно лице, стручен службеник, давател на јавни услуги;
- На обука за обучувачи за спроведување почетна едукација на професионалците за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство номинирани се две лица, стручни службеници, даватели на јавни услуги;
- На работилница на тема: Кој, Што и Како постапува во Прифатниот центар за странци, Скопје " номинирано е едно лице, стручен службеник , давател на јавни услуги;
- На Меѓународна конференција организирана од Филозофскиот факултет при Универзитетот Св.Кирил и Методиј на тема : Социјалната работа и социјалната политика во време на глобални кризи присуствуваа две лица, стручни службеници, даватели на јавни услуги;
- На регионална работилница на тема: " Регионална симулација на судење на случај на трговија со луѓе " , активност која се спроведува во рамките на проект: Ставање крај на неказнивоста на трговците со луѓе и поддршка на правда за жртвите на трговија со луѓе во Југоисточна Европа, од нашата институција номинирано е едно лице, стручен службеник, давател на јавни услуги. Работилницита се одржа два пати во текот на годината, еднаш во Република Молдавија и еднаш во РС Македонија
- На работилница на тема "Зајакнување на соработката помеѓу ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и Црвен крст на РСМ присуствуваа 20 лица, стручни службеници, даватели на јавни услуги.
- На работилница Развој на стандарди и услуги за советување за деца и млади во ризик, во рамки на EU Socieux проект, од нашата институција номинирани се две лица, стручни службеници, даватели на јавни услуги;
- На конференција "Барометар за еднакви можности 2023 : од перцепции и искуства до предлози за подобри политики против диксиминација " присуствуваше директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје;
- За учество во фокус група за изработка на Анализа на јазовите во услугите, капацитетите и потребите за ментално здравје и психосоцијална поддршка на децата во системите за деца / социјална заштита , вклучувајќи услуги за деца во ризик, семејства/негователи и професионалци номинирано е едно лице, стручен службеник, давател на јавни услуги.
- На работилница за имплементација на усвоени измени и дополнувања на Законот за матична евиденција номинирано е едно лице, стручен службеник, давател на јавни услуги;

- На панел дискусија на тема: " Дали сторителите на насилство ја добиваат соодветната казна " организирана од Кризен центар "Надеж" учествуваше едно лице, стручен службеник, давател на јавни услуги;
- На работилница на тема: " Сексуално насилство, препознавање, спречување и заштита" организирана од страна на Здружение Иницијатива за правата на жени од Шуто Оризари присуствуваше еден стручен службеник, давател на јавни услуги.

➢ **Административни службеници**

Согласно член 54, 55, 56, 57 и 58 од Законот за административните службеници, административниот службеник има право и обврска во текот на годината стручно да се усовршува врз основа на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и должност да го пренесе стекнатото знаење на другите административни службеници. Обуките за стручно усовршување на административните службеници можат да бидат генерички и специјализирани.

- Генеричките обуки се вршат заради стручно усовршување на административните службеници согласно со рамката за општи компетенции. Истите ги организира и спроведува Министерството за информатичко општество и администрација, согласно со Програмата за генерички обуки и Индивидуалниот план за стручно усовршување на секој административен службеник.

Во текот на 2023 година, Министерството за информатичко општество и администрација не организираше и не спроведе генерички обуки, согласно со Програмата за генерички обуки. Оттаму, правото и обврската на административните службеници во текот на годината стручно да се усовршуваат, не се исполнети.

- Специјализираните обуки се вршат заради стручно усовршување на административните службеници во однос на посебните компетенции. Истите можат да бидат организирани во Академијата за обуки, во рамки на Министерството за информатичко општество и администрација или од други институции.

Согласно наведеното, од Одделот за административни работи и управување со човечки ресурси

- Еден (1) административен службеник помина обука на тема: „Канцелариско и архивско работење", организирана и спроведена од страна на Академија Цес;
- Еден (1) административен службеник помина обука за Прва помош при Црвен крст;
- Три (3) административни службеници присуствуваа на Работилница за архивско работење;
- Два (2) административни службеници присуствуваа на обука организирана од Македонија биро – Скопје на тема „Платите по ново, нови законски прописи, финансиски планови за 2024 година, попис на средствата за 2023 година и други материјално – финансиски прашања;
- Два (2) административни службеници присуствуваа на обука „Изготвување на завршна сметка за 202 година, појаснување за поважни законски прописи кои имаат дирекно влијание на завршната сметка, новите законски прописи и други материјално – финансиски и правни прашања";
- Еден (1) административен службеник присуствуваше на советување на тема „Насоки, препораки и одредници за унапредување на транспарентност во институциите во

јавниот сектор преку имплементација на најновото упатство за подобрување на транспарентноста на институциите во јавниот сектор";

- Еден (1) административен службеник присуствуваше на советување на тема „Разгледување на случаи како некои институции ја унапредиле транспарентноста преку имплементација на најновото упатство за подобрување на транспарентноста на институциите во јавниот сектор во корелација со размена на искуства и добивање конкретни насоки, препораки и одредници за унапредување на транспарентноста како и добивање насоки како имателите на информации да објавуваат информации од јавен карактер кои немаат своја официјална интернет страна";
- Еден (1) административен службеник присуствуваше на обука на тема: „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен дигитален екосистем";
- Еден (1) административен службеник помина обука за офицер за заштита на личните податоци, организирана и спроведена од страна на Институт Концепт;
- Еден (1) административен службеник помина обука на тема „Анализа на електронските јавни услуги и нивната усогласеност со Законот за заштита на личните податоци".

## 13.4. Изработени акти во областа човечки ресурси во текот на 2022 година

- Изработен Извештај за реализација на генерички обуки на административните службеници за период Јули-Декември 2022 година бр.04-19/1 од 03.01.2023 година и доставен до Министерството за информатичко општество и администрација;
- Изработен Извештај за реализација на годишниот план за вработување за 2022 година за периодот од Јули до Декември, бр.04-18/1 од 03.01.2023 година и доставен до Министерството за информатичко општество и администрација;
- Изработен Извештај за дисциплински мерки за административни службеници за 2022 година бр.04-20/1 од 03.01.2022 година и доставен до Министерството за информатичко општество и администрација;
- Изработена Прва измена на Годишниот план за вработување за 2023 година, бр.04-253/1 од 01.02.2023 година и доставена до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација;
- Изработен Годишен план за генерички обуки на административните службеници за 2024 година бр.04-2917/1 од 18.12.2023 година и доставен до надлежното Министерство за информатичко општество и администрација;
- Изработен План за континуирана професионална едукација за стручни лица – даватели на јавни услуги во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје бр.04-387/1 од 17.02.2023 година и доставен до ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје;
- Изработен План за користење на годишен одмор за 2023 година бр.04-1245/1 од 14.06.2023 година
- Изработена Втора измена на Годишниот план за вработување за 2023 година, бр.04-253/9 од 30.06.2022 година и доставена до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација;

- Изработен Извештај за реализација за генерички обуки на административните службеници за период Јануари - Јуни 2023 година бр.04-1338/2 од 05.07.2023 година и доставен до Министерството за информатичко општество и администрација;
- Изработен Извештај за реализација на годишниот план за вработување во 2023 година за периодот Јануари - Јуни бр.04-25/12 од 03.07.2023 година и доставен до надлежното Министерство за информатичко општество и администрација;
- Изработен Годишен план за вработување за 2024 година, бр. 04-1662/1 од 14.08.2023 година и доставен до надлежните Министерство за труд и социјална политика и Министерство за информатичко општество и администрација;
- Изработен Извештај со Ранг листа на годишни оценки на административните службеници за 2023 година, бр.03-1842/5 од 01.11.2023 година и доставен до Министерството за информатичко општество и администрација;
- Изработен Извештај со Ранг листа на годишни оценки на давателите на јавни услуги во дејноста социјална заштита за 2023 година бр. 03-1845/5 од 20.12.2023 година и доставен до Министерството за труд и социјална политика.

## 13.5. Оценување на вработените во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во текот на 2023 година

- Согласно член 65 од Законот за административни службеници спроведено е оценување на 30 административни службеници.
- Согласно член 227 и член 228 од Законот за социјалната заштита и Правилникот за начинот на спроведување на полугодишно интервју и оценување на давателите на јавни услуги во јавните установи за социјална заштита, спроведено е оценување на 157 даватели на јавни услуги.

## 13.6. Дисциплински постапки во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во текот на 2023 година

- Во текот на 2023 година не е спроведена ниту една дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност за административен службеник;
- Во текот на 2023 година не е спроведена ниту една дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност за давател на јавни услуги.

## 13.7. Огласи (јавни/интерни) во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во текот на 2023 година

- Во текот на 2023 година започната е постапка, објавен е еден (1) јавен оглас за вработување на дваесет и еден (21) дaвател на јавни услуги:
  - Пет (5) лица на работно место – дипломиран социјален работник
  - Две (2) лица на работно место – тријажер
  - Пет (5) лица на работно место психолог
  - Две (2) лица на работно место педагог
  - Четири (4) лица на работно место правник
  - Две (2) лица на работно место систем оператор за внес

- Едно (1) лице на работно место Негувател во Дневен центар за деца со аутизам

- Во текот на 2023 година започната е постапка, објавен е еден (1) јавен оглас за вработување на шест (6) административни службеници:
  - Две (2) лица на работно место архивар
  - Три (3) лица на работно место преведувач од албански јазик - советник
  - Едно (1) лице на работно место финансиски контролор

- Во текот на 2023 година започната е постапка, објавен е еден (1) јавен оглас за вработување на две (2) помошно технички лица:
  - Две (2) лица на работно место Возач

- Во текот на 2023 година започната е постапка, објавен е еден (1) интерен оглас за унапредување на тринаесет (13) даватели на јавни услуги:
  - едно (1) лице на работно место раководител на служба
  - едно (1) лице на работно место координатор на оддел
  - четири (4) лица на работно место водител на случај во центар за социјална работа - социјален работник
  - три (3) лица на работно место дипломиран социјален работник
  - две (2) лица на работно место водител на случај во центар за социјална работа - правник
  - едно (1) лице на работно место место водител на случај во центар за социјална работа - психолог
  - едно (1) лице на работно место педагог

- Во текот на 2023 година започната е постапка, објавен е еден (1) интерен оглас за унапредување на три (3) административни службеници:
  - Две (2) лица на работно место советник за човечки ресурси и
  - едно (1) едно лице на работно место социолог – виш соработник.

**13.8. Реализирани постапки за престанок на работен однос во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во текот на 2023 година**

Во текот на 2023 година реализирани се следните постапки за престанок на работен однос :

- Пензионирани се седум (7) вработени од кои двајца (2) административни службеници и пет (5) вработени – даватели на јавни услуги,
- Реализирани се две (2) спогодбени преземања даватели на јавни услуги ,
- Со спогодбен престанок работниот однос им е престанат на осум (8) даватели на јавни услуги,
- Со отказ од работникот, престанат е работниот однос на три (3) даватели на јавни услуги,
- Со отказ од работодавачот престанат е работниот однос на пет (5) вработени од кои на три (3) административни службеници и на два (2) даватели на јавни услуги.

## 13.9. Неплатени отсуства и мирувања на работен однос во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во текот на 2023 година

Во текот на 2023 година

- Три (3) вработени користеа неплатено отуство од работа;
- На четири (4) вработени им мирува работниот однос заради именување на јавна функција.

## 13.10. Информационен систем за управување со човечки ресурси и Еду софт – систем за финансиско менаџирање во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во текот на 2023 година

Во текот на календарската 2023 година внесени се сите настанати новини/промени за статусот на вработените, нови вработувања, унапредувања на работни места, прераспоредувања на работните места, мирувања на работните места, престаноци на работниот однос во Информациониот систем за управување со човечки ресурси што го води Министерството за информатичко општество и администрација и во Еду софт - системот за финансиско менаџирање кој го води Министерството за труд и социјална политика.
Со цел функционирање согласно законските прописи и остварување на програмата, целите и надлежностите на Центарот, во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје потребно е значително зголемување на бројот на вработени. Потребно е зајакнување на Службата за административни и помошно-технички работи со пополнување на работни места во делот на раководни работни места, сметководствени работи, како и унапредувања на вработените кои подолго време се на исти работни места со пониски нивоа. Исто така потребно е пополнување на работни места со помошно стручни лица, особено возачи кои би имале позитивно влијание на зголемен број на извршени увиди.

Со оглед на постојаното намалување на бројот на вработени, потребно е вработување и на даватели на јавни услуги, особено педагози и психолози кои се во сериозен дефицит, односно еден педагог/психолог се ангажира да извршува работни задачи во две служби. Согласно постојниот број на вработни, отежнат е целиот процес на формирање на стручни тимови и нивна ефикасна работа во редовното извршување на надлежностите на установата.

Освен потребата од зголемен број на вработени, потребно е обезбедување на подобри просторни услови, реновирање на објектите и обезбедување на опрема за работа. Потребно е обнова на возниот парк и обезбедување на посовремен и побезбеден превоз за корисниците на услуги во дневните центри.

15 Финансирање

**Финансиски извештај на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје за пери 01.01.2023 година до 31.12.2023 година**

**На буџетската жиро сметка 150010252660312 реализирани се финансиски средства од 01.01.-31.12.2023 година**

- за потребите на ЈУ МЦСР-средства на програма 40
- за потребите на Центар за лица бездомници-средства на програма 42
- за потребите на Центар за лица жртви на семејно насилство-средства на програма 41
- за потребите на Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост-средства на програма 41
- за потребите на Дневен центар за деца на улица КВ-средства на програма 41
- за потребите на Дневен центар за деца на улица ГБ-средства на програма 41
- за потребите на Дневен центар за лица со церебрална парализа-средства на програма 41
- за потребите на Дневен центар за деца со оштетен вид-средства на програма 41
- за потребите на Дневен центар за деца со аутизам-средства на програма 41
- персонална асистенција-трансфер до хуманитарни организации и здруженија-средства на програма 46
- за проект Народни кујни-средства на програма 46
- за престој и третман на зависници-средства на програма 46
- за вонсемејна заштита и живеење со поддршка-средства на програма 46
- за дневен престој за деца на улица-средства на програма 46
- за помош и нега во домот-средства на програма 46
- за плаќања по судски решенија,отпремнини при пензионирање,хранарина,парична помош поради боледување подолго од 6 месеци-средства на програма 46
- за потреби на сместени лица во старски дом Геријатрија-средства на програма 50
- социјални надоместоци-средства на програма 50
- престој на жртви на трговија со луѓе-трансфер до здруженија на граѓани и фондации
- средства на програма 80

Средствата за расходната ставка 401 и 402 се однесуваат за исплата на основни плати на вработените, за персонален данок на доход и придонеси и истите не се планираат во годишен финансиски план што го добиваме од МТСП.

Средствата за расходна ставка **404** се однесуваат за исплата на надомест за годишен одмор (К-15) на вработените.

Средствата од Финансискиот план на Центарот за расходна ставка **420** се наменети за патни и дневни расходи

Средствата од Финансискиот план на Центарот на расходна ставка **421** се наменети за потребите на центарот за комунални услуги, затоплување, комуникација, транспорт, регистрација на возила, гориво и сл.

Средства од Финансиски план на Центарот на расходна ставка на **423** се наменети за потребите на центарот за набавка на канцалариски материјал, ситен инвентар, весници, списанија , храна за корисниците на дневните центри и сл.

Средствата од Финансискиот план на Центарот на расходна ставка **424** се наменети за потребите на Центарот за поправки и сервисирање на возилата, поправка и одржување на софтвер и хардвер, опрема , објекти и сл.
Средствата од Финансискиот план на Центарот на расходна ставка **425** се наменети за потребите на Центарот за договорни услуги-волонтери, договори, плаќање на судски такси, адвокатски услуги, осигурување на возила и други договорни услуги.
Средствата од Финансискиот план на Центарот на расходна ставка **426** се наменети за потребите на Центарот за објавување на огласи, репрезентација и др.оперативни трошоци.
Средствата на Центарот на расходна ставка **427** од потпрограма 40 се наменети за потребите на Центарот за привремени вработувања.Во Годишниот план на Центарот не се планираат средства за оваа намена,а се одобрува план (буџет) по внес на обврска во софтверска апликација.
Обврските за Народни кујни се исплатуваат од потпрограма 46 расходна ставка **464**,а обврските за плаќање по судски решенија,отпремнини при пензионирање,хранарина и парична помош поради боледување подолго од 6 месеци се исплатуваат од потпрограма 40 расходна ставка 464. Во Годишниот план на Центарот не се планираат средствата за овие намени и за истите се одобрува план (буџет ) по внес на обврска во софтверска апликација.
Средствата на Центарот за расходна ставка **463** од потпрограма 46 и дел од 80 се наменети за трансфери до здруженија на граѓани и фондации-за персонални асистенти,помош и нега во домот,дневен престој за деца на улица,престој и третман на зависници,вонсемејна заштита и живеење со поддршка,престој на жртви на трговија со луѓе.Во Годишниот план на Центарот не се планираат средства за овие намени,а се одобрува план (буџет) по внес на обврска во софтверска апликација.
Обврските за трошоци по извршни исправи (извршители) се исплатуваат од потпрограма 40 расходна ставка **465.**Во Годишниот план на Центарот не се планираат средства за трошоци за извршители и за истите се одобрува план (буџет) по внес на обврска во софтверска апликација.
Обврските за здравствени услуги на корисници, плата скратено раб.време поради нега на потешко хендикепирано дете, сместување во установи, здравствени услуги за корисници, се исплатуваат од програма 50 расходна ставка **471**. Во Годишниот план на Центарот не се планираат средствата за оваа намена, а се одобрува план (буџет ) по внес на обврска во софтверска апликација.
Средствата на расходна ставка **480/481** за потребите на центарот за купување на опрема и истите не се предвидуваат во годишен финансиски план што го добиваме од МТСП.

01.01.2023 година - 31.12.2023 година

| **Р.бр.** | **Програма** | **Ставка** | **Годишен финансиски план** | **Одобрено-реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 40 | 401 | 0,00 | 76.776.974,00 |
| 2. | 40 | 402 | 0,00 | 29.766.049,00 |
| 3. | 40 | 404 | 0,00 | 2.130.000,00 |
| 4. | 40 | 420 | 25.000,00 | 69.151,00 |
| 5. | 40 | 421 | 11.000.000,00 | 10.165.685,00 |
| 6. | 40 | 423 | 2.400.000,00 | 3.068.233,00 |
| 7. | 40 | 424 | 2.420.000,00 | 3.879.075,00 |
| 8. | 40 | 425 | 2.000.000,00 | 4.024.914,00 |
| 9. | 40 | 426 | 500.000,00 | 253.472,00 |
| 10. | 40 | 427 | 0,00 | 189.542,00 |
| 11. | 40 | 464 | 0,00 | 1.168.123,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | 40 | 465 | 0,00 | 296.946,00 |
| | **40** | **Вкупно** | **18.345.000,00** | **131.788.164,00** |

| **Р.бр.** | **Програма** | **Ставка** | **Годишен финансиски план** | **Одобрено-реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 41 | 401 | 0,00 | 6.326.637,00 |
| 2. | 41 | 402 | 0,00 | 2.455.466,00 |
| 3. | 41 | 404 | 0,00 | 170.000,00 |
| 4. | 41 | 421 | 800.000,00 | 886.604,00 |
| 5. | 41 | 423 | 410.000,00 | 2.838.103,00 |
| 6. | 41 | 424 | 80.000,00 | 2.902.014,00 |
| | **41** | **Вкупно** | **1.290.000,00** | **12.700.810,00** |
| | | | | |

| **Р.бр.** | **Програма** | **Ставка** | **Годишен финансиски план** | **Одобрено-реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 42 | 421 | 0,00 | 15.703.341,00 |
| 2. | 42 | 423 | 0,00 | 6.050.855,00 |
| 3. | 42 | 424 | 0,00 | 2.902.014,00 |
| | | Вкупно | **0,00** | **24.656.210,00** |

| **Р.бр.** | **Програма** | **Ставка** | **Одобрено-реализирано** |
|---|---|---|---|
| 1. | 46 | 463 | 90.248.689,00 |
| 2. | 46 | 464 | 66.473.906,00 |
| | | Вкупно | **156.722.595,00** |

| **Р.бр.** | **Програма** | **Ставка** | **Одобрено-реализирано** |
|---|---|---|---|
| 1. | 50 | 471 | 33.059.258,00 |
| | | Вкупно | **33.059.258,00** |
| | | | |
| | | | |

| **Р.бр.** | **Програма** | **Ставка** | **Одобрено-реализирано** |
|---|---|---|---|
| 1. | 80 | 463 | 781.393,00 |
| | | Вкупно | **781.393,00** |

| **Р.бр.** | **Програма** | **Годишен фин. план на** | **Одобрено-реализиран** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | расходи | |
| | 40+41+42++46+50+80 | **19.635.000,00** | **359.708.430,00** |

Од горе посочените табели евидентно е дека предвидените средства за потребите на ЦСР , во одредени ставки, се помали од реално потребните средства за функционирање и вршење на дејности на Центарот, меѓутоа во текот на фискалната година МТСП врши промена, усогласување-пренамена на средствата во финансиските планови во зависност од потребата и динамиката на реализација на буџетот.
Центарот доставува барања за одобрување на буџет преку софтверска апликација во делот Буџет ;Евиденција на месечни барања; Вид на барање- Средства за обврски и Средства за готовина.
Доколку обврските го надминуваат буџетот распределен согласно Финансискиот план на Центарот, МТСП врши промена на финансискиот план на Центарот што подразбира проширување, пренамена (промена на динамиката на реализација), врши прераспределба на буџет помеѓу финансиски план на ЦСР и помеѓу финансиските планови на Центрите и одобрува обврски .
За одобрените и реализирани трошоци по расходни ставки може подетално да се види од аналитичките конта во прегледот на приходи и расходи на ЈУМ Центар за социјална работа Скопје.

**ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ на**
**ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Скопје**
**за период од 01.01.2023-31.12.2023 година**

**ПРИХОДИ**

| Р.бр. | КОНТО | Назив на конто | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 741112-40 | Приходи за плата и надоместоци пр 40 | 108.673.023,00 |
| 2. | 741112-40 | Приходи за стоки и услуги пр.40 | 21.650.072,00 |
| 3. | 741112-40 | Субвенции и трансфери пр 40 | 1.465.069,00 |
| 4. | 741112-41 | Приходи за плата и надоместоци –пр 41 | 8.952.103,00 |
| 5. | 741112-41 | Приходи за стоки и услуги пр.41 | 3.748.707,00 |
| 6. | 741112-42 | Приходи за стоки и услуги пр.42 | 24.656.210,00 |
| 7. | 741112-46 | Трансфери до невладини орган-ии пр. 46 | 156.722.595,00 |
| 8. | 741112-50 | Социјални надоместоци пр.50 | 33.059.258,00 |
| 9. | 741112-80 | Трансфери до невладини орган-ии пр.80 | 781.393,00 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **359.708.430,00** |

**РАСХОДИ**

| Р.бр. | конто | програма | Назив на конто | Одобрени | Реализирани |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 401120 | 40 | Основни плати- државни службеници | | 63.860.932,00 |
| 2. | 401130 | 40 | Основни плати – други вработени | | 7.241.162,00 |
| 3. | 401310 | 40 | Персонален данок на доход од плата | | 5.438.237,00 |
| 4. | 401320 | 40 | Персонален данок на доход од надоместоци | | 236.643,00 |
| 5. | 402110 | 40 | Основни придонеси за ПИО | | 19.985.692,00 |
| 6. | 402210 | 40 | Основен придонес за здравство | | 7.973.117,00 |
| 7. | 402220 | 40 | Основен придонес за проф.заболување 0,5% | | 531.585,00 |
| 8. | 402310 | 40 | Основен придонес за вработување до АВРМ | | 1.275.655,00 |
| 9. | 404110 | 40 | Надомест за годишен одмор | | 2.130.000,00 |
| 10. | 420140 | 40 | Патување во земјата-споредни расходи | | 69.151,00 |
| 11. | 421110 | 40 | Електрична енергија | | 2.786.352,00 |
| 12. | 421120 | 40 | Водовод и канализација | | 413.753,00 |
| 13. | 421130 | 40 | Ѓубретарина | | 189.237,00 |
| 14. | 421210 | 40 | Централно греење | | 1.173.475,00 |
| 15. | 421310 | 40 | Пошта | | 3.411.802,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | 421320 | 40 | Телефон и телефакс | | 700.182,00 |
| 17. | 421410 | 40 | Горива и масла за моторни возила | | 1.232.660,00 |
| 18. | 421420 | 40 | Регистрација на моторни возила | | 98.424,00 |
| 19. | 421430 | 40 | Транспорт на стоки | | 6.000,00 |
| 20. | 421440 | 40 | Транспорт на луѓе | | 153.800,00 |
| 21. | 423110 | 40 | Канцелариски материјали | | 2.186.449,00 |
| 22. | 423120 | 40 | Списанија,весници за користење од вработени | | 57.595,00 |
| 23. | 423190 | 40 | Други административни материјали | | 3.300,00 |
| 24. | 423210 | 40 | Материјали за АОП | | 253.327,00 |
| 25. | 423710 | 40 | Средства за одржување хигиена | | 455.461,00 |
| 26. | 423990 | 40 | Други материјали | | 112.101,00 |
| 27. | 424110 | 40 | Поправки и сервисирање на лесни возила(гуми,рез | | 1.059.495,00 |
| 28. | 424210 | 40 | Одржување на згради | | 1.699.740,00 |
| 29. | 424230 | 40 | Дезинфекција,дезинсекција,дератизација | | 40.643,00 |
| 30. | 424420 | 40 | Поправки и одржување на софт. и хардв. опрема | | 692.794,00 |
| 31. | 424440 | 40 | Поправки и одржување на друга опрема | | 386.403,00 |
| 32. | 425110 | 40 | Изнајмување на канцелариски простор | | 313.846,00 |
| 33. | 425130 | 40 | Изнајмување на др. тип простор | | 440.000,00 |
| 34. | 425250 | 40 | Осигурување на недвижности и права | | 1.182.300,00 |
| 35. | 425260 | 40 | Осигурување на моторни возила | | 90.532,00 |
| 36. | 425360 | 40 | Плаќање на судски такси | | 526.425,00 |
| 37. | 425910 | 40 | Преведувачи | | 3.344,00 |
| 38. | 425920 | 40 | Услуги за копирање,печатење | | 177.780,00 |
| 39. | 425990 | 40 | Други договорни услуги | | 1.290.687,00 |
| 40. | 426210 | 40 | Расходи за репрезентација | | 50.000,00 |
| 41. | 426310 | 40 | Семинари и конференции | | 42.568,00 |
| 42. | 426410 | 40 | Објавување на огласи | | 92.161,00 |
| 43. | 426990 | 40 | Други оперативни расходи | | 68.743,00 |
| 44. | 427110 | 40 | Привремени вработувања | | 189.542,00 |
| 45. | 464910 | 40 | Плаќање на судски решенија | | 59.833,00 |
| 46. | 464940 | 40 | Трансфери при пензионирање | | 551.510,00 |
| 47. | 464990 | 40 | Други трансфери | | 556.780,00 |
| 48. | 465110 | 40 | Главен долг по извршни исправи | | 1.500,00 |
| 49. | 465130 | 40 | Тошоци по извршни исправи | | 295.446,00 |
| | | **40** | **Вкупно** | | **131.788.164,00** |
| | | | | | |
| Р.бр. | | **41** | | | |
| 1. | 401120 | 41 | Основни плати- државни службеници | | 5.863.091,00 |
| 2. | 401310 | 41 | Персонален данок на доход од плата -дц | | 444.659,00 |
| 3. | 401320 | 41 | Персонален данок на доход од надоместоци | | 18.887,00 |
| 4. | 402110 | 41 | Основни придонеси за ПИО-дц | | 1.648.675,00 |
| 5. | 402210 | 41 | Основен придонес за здравство-дц | | 657.714,00 |
| 6. | 402220 | 41 | Основен придонес за проф.заболување-дц 0,5% | | 43.853,00 |
| 7. | 402310 | 41 | Основен придонес за вработување-дц | | 105.224,00 |
| 8. | 404110 | 41 | Надомест за годишен одмор | | 170.000,00 |
| 9. | 421110 | 41 | Електична енергија -дц | | 435.276,00 |
| 10. | 421120 | 41 | Водовод и канализација-дц | | 68.017,00 |
| 11. | 421130 | 41 | Ѓубретарина | | 15.466,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | 421210 | 41 | Централно греење | | 309.060,00 |
| 13. | 421320 | 41 | Телефон и телефакс-дц | | 58.785,00 |
| 14. | 423410 | 41 | Прехранбени продукти и пијалоци | | 2.838.103,00 |
| 15. | 423510 | 41 | Лекарства | | 24.000,00 |
| | | | | | |
| | | **41** | **Вкупно** | | **12.700.810,00** |
| | | | | | |
| Р.бр. | | **42** | | | |
| 1. | 421110 | 42 | Електична енергија –дц бездомници | | 8.496.026,00 |
| 2. | 421120 | 42 | Водовод и канализација-дц бездомници | | 7.114.643,00 |
| 3. | 421130 | 42 | Ѓубретарина | | 72.743,00 |
| 4. | 421320 | 42 | Телефон и телефакс | | 19.929,00 |
| 5. | 423410 | 42 | Прехранбени продукти и пијалоци | | 6.008.855,00 |
| 6. | 423510 | 42 | Лекарства | | 42.000,00 |
| 7. | 424220 | 42 | Услуги за обезбедување објекти | | 2.902.014,00 |
| | | **42** | **Вкупно** | | **24.656.210,00** |
| | | | | | |
| Р.бр. | | **46** | | | |
| 1. | 463110 | 46 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | | 53.038.987,00 |
| 2. | 463160 | 46 | Трансфери до хуманитарни организации | | 37.209.702,00 |
| 3. | 464990 | 46 | Други трансфери | | 66.473.906,00 |
| 4. | | **46** | **Вкупно** | | **156.722.595,00** |
| | | | | | |
| 1. | 471140 | 50 | Здравствена заштита на кор.на соц.помош | | 756.411,00 |
| 2. | 471150 | 50 | Надомест за скратено работно време | | 21.936.914,00 |
| 3. | 471250 | 50 | Плаќање за образование,згрижување,одмор и рекреација | | 282.576,00 |
| 4. | 471280 | 50 | Надомест за сместување и згрижување во згрижувач семејство | | 2.454.479,00 |
| 5. | 471290 | 50 | Сместување во установи на деца без родители и родителска грижа | | 4.962.732,00 |
| 6. | 471510 | 50 | Социјална помош за стари лица сместени во Герij. | | 2.565.948,00 |
| 7. | 471930 | 50 | Погребни трошоци за лица корисници на социјална помо | | 100.198,00 |
| | | | **Вкупно** | | **33.059.258,00** |
| | | | | | |
| Р.бр. | | 80 | | | |
| 1. | 463110 | 80 | Трансфери до здруженија на граѓ. и фондации | | 781.393,00 |
| | | | **Вкупно** | | **781.393,00** |
| | | | | | |
| | | | **Вкупно трошоци 40+41+42+46+50+80** | | **359.708.430,00** |

Во споредба на податоците за одобрени и реализирани расходи во период од 01.01.2023-31.12.2023 година во однос на истите во 2022 година,утврдено е дека има :

-Програма 40 зголемување на реализирани расходи за 5.067.248,00 денари
-Програма 41 зголемување на реализирани расходи за 1.762.735,00 денари
-Програма 42 зголемување на реализирани расходи за 4.906.327,00 денари
-Програма 46 зголемување на реализирани расходи за 60.207.005,00 денари
-Програма 50 зголемување на реализирани расходи за 6.280.301,00 денари
-Програма 80 зголемување на реализирани расходи за 532.147,00 денари

Вкупното зголемување на одобрени и реализирани расходи во 2023 година во споредба со истите 2022 година изнесува 78.755.763,00 денари.

Јавни набавки

*Од годишниот план за јавни набавки за 2022година заедно со сите дополнувања реализирани се следните постапки:*

| Ред .Бр. | Вид на договор | Предмет на договор | Објавен | Вид на постапка |
|---|---|---|---|---|
| **ОСТАНАТИ СТОКИ И УСЛУГИ** | | | | |
| 1 | **Стоки** | Набавка на канцелариски материјали | 03/2023 | Набавка од мала вредност |
| 2 | **Стоки** | Готови оброци за корисниците на Народни кујни | 04/2023 | Отворена постапка |
| 3 | **Стоки** | Гориво за службени возила | 05/2023 | Поедноставена отворена постапка |
| 4 | **Стоки** | Набавка на тонери | 05/2023 | Поедноставена отворена постапка |
| 5 | **Стоки** | Набавка на електрична енергија | 05/2023 | Отворена постапка |
| 6 | **Услуги** | Осигурување од автомобилска одговорност | 07/2023 | Набавка од мала вредност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | **Услуги** | Поправка и одржување на електрична инсталација | 07/2023 | Набавка од мала вредност |
| 8 | **Услуги** | Осигурување на движен и недвижен имот и општа одговорност | 07/2023 | Набавка од мала вредност |
| 9 | **Услуги** | Сервисирање и поправка на клима уреди | 07/2023 | Набавка од мала вредност |
| 10 | **Услуги** | Сервисирање на информатичка опрема - Хардвер | 08/2023 | Набавка од мала вредност |
| 11 | **Стоки** | Готови оброци за корисниците на Дневни центри и Центар за лица – жртви на семејно насилство | 08/2023 | Поедноставена отворена постапка |
| 12 | **Стоки** | Набавка на средства за хигиена | 09/2023 | Набавка од мала вредност |
| 13 | **Услуги** | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 09/2023 | Набавка од мала вредност |
| 14 | **Стоки** | Материјали за АОП | 10/2023 | Набавка од мала вредност |
| 15 | **Стоки** | Готови оброци за корисниците сместени во Прифатен центар за бездомни лица Чичино село, с.Сарај, Скопје | 10/2023 | Отворена постапка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | **Услуги** | Физичко обезбедување на Прифатен центар за бездомни лица Чичино село, Сарај и Прифатен центар Визбегово | 10/2023 | Поедноставена отворена постапка |
| 17 | **Услуги** | Фиксна телефонија | 10/2023 | Набавки од мала врдност |
| 18 | **Услуги** | Печатење на обрасци и материјали | 11/2023 | Набавки од мала врдност |
| 19 | **Услуги** | Сервисирање и одржување на службени возила со резервни делови | 11/2023 | Набавки од мала врдност |
| 20 | **Услуги** | Привремени вработувања | 11/2023 | Набавки од мала врдност |
| 21 | **Услуги** | Молерофарбарски услуги | 11/2023 | Набавка од мала вредност |
| 22 | **Услуги** | Поправка и одржување на водоводна инсталација | 11/2023 | Набавка од мала вредност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | **Услуги** | Поправка и одржување на парно инсталација | 11/2023 | Набавки од мала врдност |
| 24 | **Услуги** | Одржување на хигиена во објект – Дирекција | 12/2023 | Набавки од мала врдност |
| 25 | **Услуги** | Мобилна телефонија | 12/2023 | Набавки од мала врдност |

Годишниот извештај за работата на ЈУ МЦСР-Скопје за 2023година
е изработен врз основа на прибирање и обработка на податоци од
месечните извештаи, годишните извештаи и во соработка вработните во сите служби.
при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град -Скопје.

**Изработил:Лилјана Николовска**
**Контролирал Жаклина Николовска**

**Директор/Drejtor**
**Izeir Memedi**

**Претседател на Управен одбор**

**Скопје, 2024 год.**